**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Третото продолжение на Сто и единаесеттата седница**
**на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 16 јули 2002 година**

Седницата се одржа во сала 1 во Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитуванрг. пратеници, продолжуваме со работа. по Сто и единаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со Петтата точка од дневниот ред Предлог за донесување по итна постапка на закон за гаранција на Република Македонија по Договорот за терминска условна продажба на акции при приватизација на "Електростопанство на Македонија",со Предлог на закон Продолжуваме со претрес.

Има збор гоплодинот Радомир Карангелески не е тука. За збор се јавил господинот Љубомир Поповски, но не е тука. За збор се јавил господинот Никола Поповски, но не е тука. За збор се јавил пратеникот Чедо Петров, но се откажува од дискусијата.

За збор се јавил господинот Ѓорѓи Тодоров, но не е тука.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Чедомир Краљевски, поднесе амандман на член 2 за менување на алинеја 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Чедомир Краљевски поднесе амандман на член 23-г за менуваше на воведната реченица, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски, поднесе амаднман за менување на членот 5, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Радмила Шеќеринска и Јани Макрадули поднесоа амаднмани на член 2 за бришење на алинеите 2 и 3 и за бришење на член 5, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амаднманот на член 2 за менување на алинеја, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Немаме претставник на Владата, а немаме ни доволен број на пратеници за да можеме да гласаме по амаднманите.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(Претставникот на Владата доаѓа во салата, а исто така и пратеници).

Бидејќи претставникот на Владата е тука, повторувам отвора претрес по амандманот на член 2 за менување на алинеја 1, поднесен од пратнеикот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на амаднманот на членот 2 за менување на воведната реченица, поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 5, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2, за бришење на алинеите 2 и 3, поднесен од: пратениците Радмила Шеќеринска.и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, .дали некој друг бара збор?

(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 4 9 пратеници, што значи немаме кворум и ќе гласаме повторно.

Пред тоа уште еднаш ги молам службите да ги повикуаат пратнеиците да влезат во салата.

Пред тоа, уште еднаш ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(Во салата влегуваат пратеници)

Ве молам уште еднаш да го повториме гласањето по амаднманот на членот 2 за бришеше на алинеите 2 и 3, поднесен од пратениците Радмила Шеќеринска и Јани Макрадули.

Вкупно гласале 53 пратеници, од кои 12 за, 10 воздржани и 31 против.

Молам, службите да ги пребројат пратениците во салата.

(По преброрјувањето од службите)

Во салата има 66 пратеници, значи дека гласањето важи.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на алинеите 2 и 3 поднесен од пратениците Радмила Шекеринска и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амаднманот за бришење на член 5, поднесен од пратнеиците Радмила Шеќеринска и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот.Јани Макрадули.

**ЈАНИ МАКРАДУЛИ:**

Почитуван потпретседателе, најпрво да реагирам, мислев дека вие не сте дел од ова сценарио што постои, имав исклучително високо мислење за вас. Незнам како ќе продолжиме понатаму.

Во услови кога Македонија треба да се задолжи за 45 милион евра, ние се обидуваме во една најбрза процедура што е видена овде да донесеме еден закон со којмпто ни вие нама да имате никаков ќар, со кој што ниеден пратеник тука нема да има никаков ќар, туку цела Македонија ќе има зијан.Во услови кога не се донесени измените на Законот за енергетика, во услови кога не е преструктуирано електро стопанството, во услови кога во вчерашната седница никој не се обиде да ги расправа овие работи, освен полтронскиот настап на четирипар-з титниот разладувач на Собранието и на тргоскиотглдентар, е гревота . даземеме кредит од 45 милиони евра без објаснубсер, во брза процедура.. и по итна постапка. Мислам дека правиме кардинална грешка која нема никој да ни ја опрости и овој амандман 2 кој се однесува на бришеше на членот 5 тоа и го кажува.

Членот 5 инаку вели: "Доколку во предвидениот рок од 18 месеци нагласувам 18 месеци - за приватизација на Електростопанство нагласувам приватизација на Електростопанство - не се изврши приватизација на 51%.. нагласувам зборот 51% - во делот на Електростопанство кој треба да се приватизира, Владата на Република Македонија ќе го отплати позајмениот износ зголемен либор плус 1% во рок од 90 дена од добивањето на барањето на Европската банка за обнова и развој

Зошто предлагаме да се изрише членот 5 и зошто ги нагласив трите елементи?

Во договорот што ни е даден кој треба да го потпише Владата на Република Македонија и Европската банка за обнова и развој никаде не стои дека треба да се приватизира Електростопанство во 51% за 18 месеци. Никој нема право да преземе некоја обврска, која треба евентуално да произлезе од 12-тата точка од нивниот ред.

Зошто го нагласувам зборот "приватизација"? Затоа што вчера некој се чудеше дека станува збор за приватизација и дека ова позајмување и ова задолжување на Македонија не се однесува на приватизацијата на Електростопанство на Македонија.Не постои нормална европска држава, не постои нормална светска држава која може да го приватизира Електростопанство на Македонија за 18 месеци. Не постои. Ние можеме што сакаме да направиме. Кога реков вчера дека некоја друга влада ќе го носи баластот, мислев навистина на друга влада не мислев на нашата. Некој ќе го земе тој баласт но нема ни Владата да го плаќа туку ќе го плаќаат сите граѓани на Република Македонија, односно даночни обврзниц. Мене не ми е јасно,кога надвор е 42 степени, кога тука нема никаква атмосфера за работа, тука да ви се понуди незнам што можеби ќе се изгласа, но да земеме задолжување од 45 милиони евра за работа што не знаеме на што ќе излезе. Никој не не обврзува да го приватизираме, никој не ни вика дека тоа мора да биде 51%, никој не ни вика дека

тоа може да го направиме за 18 месеци. Напротив, и консултантските куќи кои ги има организирано Владата не се надеваат дека во таков брз рок може нешто да се направи. И во услови кога владее една летна атмосфера овде, кога никој не се обиде од претставниците на Владата тоа да го објасни зошто е направено имаше само еден мал обид на господинот Данило Глигоровски кој поистоветувајќи го тоа со нешто што се случува пред четири години во стилот и вие правевте така, и реков полтронскиот наста: на еден пратеник кој се обидува да напредне некое место напред во листата на ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа, апелирам до сите овој амандман да .се прифати, но најдобро би било Владата овој предлог на закон да го повлече. Овој закон нема смисла без измените на Законот во енергетика. Законот за енергетика може да понуди различен концепт на преструктуирање, различен концепт на приватизација која не мора да биде 50%, кој може да се однесува само на една целина и мислам дека овој амаднман, покрај што треба да се прифати, најдобро ќе биде за доброто на сите граѓани, за доброто на нивните фамилии Владата га го повлече овој закон бидејќи сите ќе го плаќаме овој долг.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Јани Макрадули.

Има збор, господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пред да ја кажам својата дискусија за амандманот на господинот Макрадули, би сакал да изразам едно негодување кое претседателот на Собранието или евентуално и вие со него, меѓутоа, мислам дека е господинот Андов сепак во прашање, ни достави до нас телеграми дека денес започнуваме со нова седница во 12,00 часот, но кога се симнавме во салата бевме изненадени што ја продолжуваме старата седница. Веќе не верувам дека се работи за збунетост на господиниот Андов во врска со работата, туку апсолутно сум уверен дека се работи за намера пратеничките групи од опозицијата постојано да ги опрструира на тој начин што ќе им закаже една седница, а кога ќе се симнеме во сала дознаваме дека продолжуваме со друга седница, наспроти тоа што ни го испраќа.

Господине потпретседателе, Ви најавувам Вам, а да му пренесете и на господинот Андов, кој што претпоствувам дека сега во својот кабинет лагодно си пие кафе, дека отсега натаму доколку ни закажете една седница со телеграма, а кога ќе се симнеме во салата продолжите со друга седница за која не сме се подготвиле во тој момент, ние во таква работа веќе нема да учествуваме на Собранието.

Второ, сакам и на вас и на господинот Андов да ви предочам дека согласно со Законот за избори, изборните дејствија веќе се започнати десет дена, дека до изборите останудаат уште 52-53 дена и дека ова е апсурдна ситуација во која на 50 дена до изборите претседателот на Собранието не само што упорно закажува нови и новк седници, туку постојано држи отвоени три до четири седници и секој ден во 12,00 часоа кога ќе се симнеме во салата, во тој момент дознаваме која од тие три до четири седници ќе започне. Само да ве потсетам дека секоја точка поединечно вреди по 50 милиони евра, ако се усвои или. не.

Трето, сакам да укажам на апсурдниот и апсолутно нок даун во кој се наоѓа власта на Република Македонија, и тоа кога мислам власт, мислам и на Собранието и на Владата. Туку што добивме писмо, и јас го добив како пратеник со потпис од господинот Љубчо Георгиевск во својство на претседател на Владата, кое го потпишал и го доставил до Собранието денес и во кое се вели дека не моли нас пратениците и господинот Андов, за лично залагање да ставиме на итна седница 18 точки на дневен ред, незнаејќи дека минумум 10 до 15 точки се веќе сдна дневен ред и за нив расправаме во моментот. Значи господинот премиер, извинете на израз, апсолутно нема поим што се случува во Собранието на Република Македонија,:па барем можеле да го информираат да не бара од нас да расправаме на итна седница за оние закони кои веќе се донесени од страна на Собранието на РМ. Туку што добиваме предлог да расправаме за закони кои веќе се донесени. Господинот Андов исто така во нокд даун после сето што се случува ни го доставува тоа ди бара рд нас да постапиме соодветно на тоа.

*Со* ова само сакам да укажам дека во кој навлегува работата на Собранието е таков и од страна на Владата и од страна на претседате лот на Собраниетрси х>д страна на сите нас кој овде мораме да го следи-ме нивниот хаос, да практично станува невозможно да работиме.

Само сакам да ве известам дека пратеничката група на СДСМ согласно со вчера прекинатата седница и телеграмите и

закажувањата од страна на господинот Андов за денес во 12,00 се подготви да расправа за Законот за служба во Армијата на Република Македонија.и по кадров-ските точки и уште Законот за репрограмирањето на долговите со САД, и сега ние мораме веднаш;да се приорентираме, . да расправаме по закон кој вчера беше прекинат и ненајавен дека ќе продолжи. Меѓутоа, мислам дека немаме избор кога е збунет претседателот на Собранието, нас не ни останува ништо освен да се обидеме да го исправиме во неговата збунетост, Млеѓутоа, очигледно ни тоа не помага.

Сето ова што ви го кажувам ви го кажувам заради потребата како координатор да протестирам на начинот на кој во ова Собрание се работи веќе од поодамна и уште еднаш да потврдам дека нашиот впечаток е дека е ова свесна;опструкција на работата со цел пратениците од опозицијата постојано да бидат неспремни за било каква расправа и точките да врват. А само да потсетам дека во послдените два месеци наспроти бројката од 85 пратеници што ја има коалицијата За Македониј. како вклучувајќи-:и денес, кворумот од ова Собрание го држи точно опозицијата.

Дозволете ми.сега да кажам неколку збора за амандманот што господинот Јани Макрадули го поднесе.

Господинот Јани Макрадули поднесе амаднман,мислам и дека госпоѓица Шеќеринска е потпиашна на амднамнот со кој се бара да се избрише членот 5 од Законот.за гаранција на Република Македонија кон Европскаста банка за обнова и развој со средства добиени по договор за терминска условна продажба на акции пред приватизацијата на Електростопанство на Македонија.

Членот 5 гласи: "Дбколку во предвидениот рок од 18 месеци за приватизацијата на Електростопанство на Макердонија не се изврши приватизација на 51% од делот на ЕСМ, кој треба да-се приватизира, а кој Владата никако да ни соопшти кој е тој дел кој треба да се приватизира,Владата на Република Македонија ќе го отплати позајмениот износ зголемен со камата ливер плус еден, во рок од 90 дена од доби-вање на барањето од ЕБОР. Потоа договорот ќе биде раскинат. Ако до наведената приватизација не дојде поради околности, кои не се под контрола на Владата на Републуа Македонија,ЕБОР може да донесе одлука позајмениот износ зголемен за камата од либор плус еден, Владата да го отплати на десет полугодишни рати.

Прво, јас сакам да прашам, врз основа на што Владата во последните 50 дена пред избори превзема обврски за Владата која ќе ја раководи Република Македонија во четири наредни години и како мисли Владата на Љубчо Георгиевски со ваков член да ги врзи рацете на идната Влада која ќе мора да го следи договорот и Законот кој ова Собрание го потпишува со ЕБОР а во кој ја обврзува Владата која си заминува од политичката сцена.Апсурдот на ваквата приватизација која ќе тежи минимум една милијарда долари или во евра, 1 милијарда евра, е уште поголема ако се знае дека во овој мандат влезен пред четири години, Владата не го отвори овој процес, туку го отвори на самото заминување.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Можете да замислите какви економски штети можат да се направат, доколку оваа Влада на Република Македонија ги изгуби изборите и си замине, а на нејзино место дојде друга влада која има различно видување во врска со тоа како може да се раководи со Електростопанство на Македонија. Владата на Република Македонија, Владата на г. Љубчо Георгиевски, или Владата на г. Бесник Фетаит кој е надлежен за Електростопанство на Македонија ни даваат ситуација во која Електростопанство на Македонија за да може добро да работи треба да се приватизира. Меѓутоа, никако да ни соопштат заради кои причини Електростопанството на Македонија е доведено во ситуација тоа да треба да се приватизира. Односно, она што вчера не ни го кажаа претставниците на Владата, а мислам дека елементарна култура на однесување во политиката од страна на Премиерот на Република Македонија би била, кога влегува во процес да продава претпријатие кое тежи една милијарда евра, приближно исто колку годишниот буџет на Република Македонија и малку повеќе, би требало да дојде и да ни соопшти неколку важни податоци: зошто го приватизира Електростопанство на Македонија, зошто оди веднаш со процес на приватизација од контролен пакет од над 51%, зошто го прави тоа со непосредба спогодба, зошто ни доставува закон за приватизација без да го имаме сменето законот за енергетика, во кој треба да утврдиме дека Електростопанство на Македонија може да се приватизира, начинот на кој ќе се приватизира односно зошто сака да ги земе однапред парите, за што сака да ги искористи, каде сака да ги пласира и зошто однапред сака да ја минира целата работа со работата Електростопанство на Македонија за неповратна иднина, во услови кога неговата

влада има уште педесетина дена мандат и кога овој пратенички состав апсолутно нема никакво право да одлучува за вака крупни зделки.

Ова што го зборувам за бришење на член 5 од Законот кој не дозволува одредба која ќе ја доведе Македонија во рок од 18 месеци ако не го направи тоа што го предвидува договорот на г. Георгиевски и Фетаи да ја обврзи Македонија да го врати во рок од 90 дена, е ситуација за која г. Јани Макрадули со право зборуваше и дозволете јас само да илустрирам што тоа значи. Тоа значи дека ако до крајот на 2003 година Владата на Република Макадонија Не го приватизира наспроти волјата на идната влада на Република Македонија, таа можеби Нема да сака да го приватизира Електростопанство на Македонија, наспроти волјата, до крајот на 2003 година со овој чл9н кој треба да се избрише, тоа е мое видување, се создават обврски кои мора да го приватизира, инаку во спротивно по барање на ЕБОРД во рок од 90 Дена да ги исплати 45 милиони евра со каматна стапка либор плус еден. Веднаш да соопштиме дека во случај предвиден со законот, ако тоа оди по најкратките рокови Владата на Република Македонија, ако биде известена во Текот на јануари од страна на ЕБОРД за Незавршена приватизација и барање за повраток на средствата, отприлика 50-тина милиони евра заедно со каматите Ќе треба да бидат платени пред први април, или Некаде Н9поср9дно после први април 2004 година. Тоа значи Дека еден буџет на Република Македонија кој во моментот Тежи околу 900 милиони евра, Ќе треба да се испразни Веднаш со позиција од 45 милиони евра и да го доведе на краток рок Буџетот во ситуација да не може да ги извршува другите свои функции.

Имаме предвид дека Буџетот на Република Македонија кој Сега е 900 милиони евра 9 пренапумпан и во наредните години тој Ќе мора нужно да *се* смалува. Во такви услови вредноста на 45 плус камати од 50-тина милиони евра дополнително Ќе го оптоварува буџетот за намена за која никој не знае што се прави на крајот од мандатот. Какви штети може да предизвика тоа ни е познато.

Јас сакам само да потсетам во слични случаи што се случуваше со други јавни претпријатија, или други вакви трансакции на Владата откако го заврши тој проблем. Типичен пример на кој можеме да извлечеме паралела на приватизацијата, само да потсетам дека Владата на Република Македонија презеде обврски кој после не можеше да ги спроведе со приватизацијата на една исто така крупна компанија како Електростопанство на Македонија, а тоа е Телекомуникации на Република Македонија за да сега посл9 две години констатираме дури од страна на самиот премиер искажани пред неколку недели дека Македонските Телекомуникации после приватизацијата не може да ги исполнат обврските што ги превзеле со договорот со продажба на Република Македонија, а дека нивната глад за профит оди дотаму што почнува да се крши на грбот на граѓаните на Република Македонија. Ако го доведеме Електростопанство на Република Македонија немаме никакви гаранции според начинот на кој оваа влада сака да ја извлече постапката пред приватизација на приватизација дека да Не следи истото.

Да направиме само уште една паралела. Влезот на странскиот капитал во монополизирана ситуација на Електростопанство на Македонија ќе бида паралелна или еднаква ситуација со влезот на странскиот капитал со монополизирана ситуација со Македонските Телекомуникации. Да потсетиме дека пред неколку дена се обелодени пред јавноста дека Македонските Телекомуникации, сега веќе продадена на странски партнер достави две завршни сметки до две различни државни институции, од кои едната беше фалсификувана. И врз основа на тоа, Владата на Љубчо Георгиевски која очигледно не е способна да ги контролира движењата на пазарот, движењата што се служуваат во Македонски телекомуникации беше издејствувано покачување на цената на индексот на телефонијата, која само за еден месец донесе дополнителен приход од 6 до 7 милиони евра на Македонски телекомуникации на грбот на стопанството и граѓаните на Република Македонија. Можете да замислите ваквата ситуација ако остане до крајот на оваа година, тоа ќе значи некаде околу 70-тина милиони евра товар врз стопанството и граѓаните на сметка на сопствениците на МАТАФ кои целиот свој профит го пресметуваат така што на Република Македонија не останува ништо.

Апсолутно се сомневам за состојбата дека слично ќе се случи и со Ел9ктростопанство на Македонија затоа што немаме гаранција за минимум две работи. Прво, дека пазарот за енергетика на Република Македонија е либерализиран, второ, дека во Македонија може доколку брзо се либерализира да влезе во ситуација да може паралелно со постојните капацит^ти тоа да го прави и дефакто ситуацијата за Електростопанство на Македонија ќе биде на среден, и на долг рок да биде монопол, кој ќе

биде приватизиран под услови, кои за нас се неприфатливи. На страна што ќе се случуваат ситуации кои странските сопственици и оние кои ќе го приватизираат врз основа на спогодба, а не врз основа на јавно наддавање што г. Љубчо Георгиевски го предвиде во законот за енергетика после тоа целосно неодговорно ќе се однесуваат кон сите работи кои ги изведуваат во Република Македонија. Ова што сакам да го укажам, ќе го потврдам со уште еден пример.

Господо пратеници и господо од Владата,

Јас живеам во една скопска населба која според бројот на населението отприлика четврти или петти град во Република Македонија, тоа е Аеродром. Тој е поголем од многу градови, како што е и Велес по бројот на населението. Пред неколку месеци компанијата Македонски Телекомуникации започна со реновирање на својата мрежа на територијата на целата населба Аеродром. По тој повод беа ископани многу паркови, многу тротоари, многу улици и многу плочници во населбата кои апсолутно Не се сопственост на Македонските телекомуникации. Откако градежните работи за положување на каблите беа завршени, единствено што Македонски телекомуникации, доведени во ситуација од Владата на г. Љубчо Георгиевски, како што сака и со член 5 да Не воведе сега Љубчо Георгиевски и Бесник Фетаи во однос на Електростопанство, откако ги завршија сите градежни работи, не асвалтираа ниту една улица што ја ископаа, а тие се сопственост на градот Скопје и на Општината Кисела Вода, односно сопственост на сите нас, туку ги затворија со песок. Не обновија ниту една зелена површина што ја ископаа заради положување на кабли и сега зелените површини зјаат со дупки, камења и земја, заради тоа што со положувањето на кабелот од Телекомуникации не се озеленија површините, со што ги оштетија јавните претпријатија кои Се грижат за зеленилото и средствата на граѓаните на град Скопје. Не обновија ниту еден плочник за движење на Пешаците, вклучувајќи ги и плочниците пред зградите во населбата Аеродром, каде што општината или станарите ги имаат градено, а откога се положија каблите се посипаа со песок, или на нивното Место се вратија искршените плочки, што само посл9 два Д9на излегоа нормално вон од плочниците. И сега да не набројувам колку што све се случува во Аеродром од страна на Македонските телекомуникации кој Не ги извршува обврските и таму каде што требало да ги изврши, а тоа е кога нешто уништува од она што го гради оваа приватна компанија дел од парите да си ги потроши во доведување во првобитна ситуација. Тоа Се случува кога на некој му давате монопол а тој Нема никаков интерес затоа што не живее во Република Македонија, а неговите гласачи живеат далеку од Република Македонија.

Значи, од нашите гласачи и граѓани се извлекува профит, а политичките поени се добиваат врз основа на нашиот профит репатриран некаде во Будимпешта или во некоја друга држава кај своите политички поддржувачи или кај своите граѓани. Врз основа на тоа изразувам целосен сомнеж дека Владата на г. Георгиевски на начинот на кој сака да го приватизира Електростопанство на Македонија да го направи тоа да донесе корист на граѓаните на Република Македонија, да овозможи енергетскиот систгем на Република Македонија во иднина да се развива на начин кој ќе биде потребен на Република Македонија и да не ги оштетува постојано граѓаните на долг и на краток и на среден рок врз основа на тоа што ќе го прави.

Република Македонија господо од Владата и господо пратеници се наоѓа во интересна ситуација. Република Македонија мораме да признаеме дека само пред една година излезе од војна што значи дека е загрозена воено. Господинот Љубчо Георгиевски не пропушта ниту еден единствен политички настап да ни соопшти дека Македонија во идните 10-20 години ќе биде без еден основ загрозена од страна на протекторатот на ОН кој се наоѓа во составот на Сојузна Република Југославија - Косово и врз основа на тоа дека Македонија ќе треба во идните 10-20 години да се справува на безбедносен план со таквата ситуација.

Јас го прашувам г. Љубчо Георгиевски, господине премиер, господине министер за финансии, кој се плашете да дојдете со месеци во Парламентот на Република Македонија да ги браните законите што ни ги предлагате, дали вие сметате дека приватизацијата на Електроенергетскиот систем во процентот над 51 % заедно со веќе приватизираните Македонски телекомуникации , жичани или не жичани, се над 51 % и дали со давањето на Македонските пошти на концесија на Канадските пошти вие ја зголемувате безбедносната состојба на Македонија ја подобрувате, или напротив, Република Македонија на безбедносен план ја правите се поранлива. Дали вие мислите дека

доколку во рокот од 18 месеци согласно член 5 од овој закон кажува што г. Макрадули има амандман да се брише, дали доколку во рок од 18 месеци ќе го приватизирате Електростопанство на Македонија со 51 % и изгубите контрола покрај врз Телекомуникациите и врз енергетскиот систем на Република Македонија, Република Македонија ќе биде побезбедна држава во услови кога ни најавувате дека се најавува нејзина територијална дезинтеграција од страна на протекторатот Косово. Дали мислите дека доколку половина од Владата се предомисли долгот од 60-тина милиони евра, или 100 милиони марки, кој ќе треба да се врати во рок од 90 дена, ќе ја стабилизира ситуацијата во Република Македонија, или дополнително ќе ја дестабилизира. Сите знаеме што значи празнење на Буџетот на Република Македонија во рок од 90-тина дена веднаш со позиција од околу 100 милиона марки и затоа, апсолутно сум уверен дека ниту треба да се донесе овој закон во таква форма, дека е прашање за кое г. Љубчо Георгиевски пред да пристапи во комуникација со странски партнери со ЕБОРД и со приватни фирми од странство или државни фирми од странство за приватизација на Електростопанство на Македонија.

Прво, требаше да ги свика сите значајни, или во овој момент поголеми политички партии на Република Македонија или парламентарни групи во Собранието на Република Македонија да постигнат консензус во врска со ова прашање, за да не ја доведе Република Македонија во позиција, заради условно кажано многу погрешната, а по мене и сомнително водена политика на приватизација на јавниот сектор. Македонија уште поголем, на некој начин, товар, или уште поголема цена плати на овој сектор во иднината.

Само да ве потсетам, веќе две години поминаа од приватизацијата на Македонските Телекомуникации, не видовме спектакуларни инвестиции, не видовме спектакуларни пари, не видовме спектакуларни вработувања, ниту спектакуларен развој на оваа компанија, меѓутоа, видовме дека околу 150 до 200 милиони марки профит се одлеале во неповрат од оваа компанија годишно.

Додека ние зборуваме за парите 150 до 200 милиони марки што се одлеале од Телеком неповратно во 2001 година, веќе поминаа 6 месеци од 2002 година и дополнителни 100 милиони марки се одлеаја. А, кога ќе заврши оваа година комулативно за двете години ќе бидат 400 милиони. Сега, ако продолжиме со истата политика во доменот на Електростопанство, не само што ќе почнат да ни се одлеваат парите, туку еден ден ќе се соочиме со ситуација дека ќе ни се руинира енергетскиот систем врз основа на влечење на профити од партнер кој нема да биде заинтересиран за нас господине потпретседателе. Ќе биде заинтересиран како и МАТАФ, врз основа на вкупни завршни сметки од кои едната е легална, а другата фалсификувана, а ги доставува до државните органи, на истиот тој начин и Електростопанство на Македонија да раководи и на крајот на краиштата да ги влече профитите од кај нас, а во Република Македонија да остави енергетски систем кој се сомневаме дека долготрајно ќе биде одредлив да ги задоволува сите потреби на Република Македонија.

Од сите овие причини, јас сметам дека овој закон не треба да се донесе, дека е многу избрзан и дека не е толку лесно да се одлучите на ваков потег, во услови кога никој околу нас на тоа не се одлучува. Тука слушаме споредби дека ваквите ситуации се одвивале во Франција, се одвивале во Англија, се одвивале во Шпанија, меѓутоа, да се разбереме господо пратеници, никој нема територијални претензии спрема Обединетото Кралство Велика Британија, никој не го загрозува германскиот територијален суверенитет, а нас премиерот на Република Македонија на секој втор настап пред Собранието и пред телевизијата ни соопштува дека ние имаме проблеми со територијалниот интегритет и дека допрва со тоа ќе се соочиме. Па една од логиките кои ги извлекува од тоа е дека само треба да пристапиме заедно со ВМРО да се спротиставиме на тоа. Апсолутно сум уверен дека овие чекори упатуваат на нешто друго: дека г. Георгиевски можеби раководи со една безбедносна држава која никој не ја загрозува, која нема внатрешни и надворешни опасности од нејзина дезинтеграција, па најмалата работа што може да ја направи е енергетскиот систем на Републиката и Електроенергетскиот систем на Републиката да го достави на управување на странски партнер и со тоа да извлече некои пари и тие пари често пати да ни ги прикажува различно во позиции по весници и по политички елити веднаш да ги покажува како странски директни инвестиции еднаш да ги покажува како зголемување на девизни резерви, еднаш да ги покажува како не знам што. Меѓутоа, јасно е дека нема тука странски директни инвестиции ниту е странска инвестиција ако гледате на Електростопанство на Македонија да ја дадете на некого таа е класична пертфоли инвестиција во која некој купува веќе изградени објекти и не само што

нема да обезбедува развој, туку ќе ја намали вработеноста. Она што мислам дека г. Георгиевски, г. Фетаи и г. Никола Груевски кој овде ни нуди закон за пред приватизацијата 45 милиони евра треба да го направат е прво да го разгледаат извештајот за работењето на Електростопанство на Македонија во овие 4 години и да се запрашаат за две работи дали со Електростопанство на Македонија се раководи ефикасно, ако не се раководи ефикасно, кој е за тоа виновен, дали тоа ќе биде некој директор од СДСМ или директор од ВМРО-ДПМНЕ. Дали Електростопанство на Македонија со такво раководење има перформанси и понатаму добро да работи. Доколку дошле до заклучок дека не може тоа да го направат заради лошите кадровски решенија, предпочитам прво да се завршат во својот двор и на успешноста од работата да не мислат дека е системска и брзо брзо да го продадат Електростопанство, туку прво да го сменат начинот на кој се управува Електростопанство на Македонија од луѓето кој ги поставиле тие.

Второ, доколку оцениле луѓето од Владата дека со Електростопанство на Македонија се раководи добро, дека Електростопанство има ефикасна работа, дека е профитна организација, дека е добро организирана, дека превработувања на политички основи и дека има инвестициони програми, аплолутно ги повикувам да се повикаат на фактите на таквото однесување на Електростопанство како добра профитна организација и да не ја приватизираат, затоа што таквата организација на Собранието на Република Македонија и е потребно да ја задржат како своја.

Меѓутоа, имам впечаток дека луѓето од Валдата на г-динот Георгиевски ниту мислат дека Електростопанство се раководи добро ниту мислат дека Електростопанство се раководи лошо. Тие мислат само едно. Тие мислат колку вреди Електростопанство, па по можност малку цената да ја деградираме со лошо управување со фирмата за да може да ја спуштиме, за да може после да ја продадеме на некого, вклучувајќи и корупвиско однесување, врз основа на што ќе добиеме и сопствени приходи во приватните џебови. А, после што ќе се случи со РМ, со снабдувањето со електрична енергија, со нејзиниот развој со можностите државата на ефикасен начин да управува со овој ресурс што е "многу значаен за нас и од економски и од безбедносен и од секој друг план. Мегутоа, мислам дека таму логиката на размиенување е сосема изместена.

Таму , логиката на размислување е пред завтувашето на изборите џебовите да се наполнат, а секој од оние кои ги полнат џебовите во поледните 50-тина дена од мандматот да си нагјаде позиција што ќе му обезбеди во идните 7 или 9 години, со парите во џебот и со позиција што е непроменета заради тоа што мандатот е долг, да остане на поинаква функција.

Веднаш да ви најавам г-дине потпретседателе, г-до од Владата, со оглед на начинот на кој што се донесуваат овие закони, со оглед на тоа дека сме веќе во предизборна кампања во која што вакви крупни зделки и вакви крупни кадровски разместувања што следат во ова Собрание нема да ги признаеме, и дека , доколку се смени власта во РМ, сите овие договори *ќе* ги сметаме склучени како штетни за РМ, а каде ровските именувања на луѓе кои мислат, ова брзо, брзо да го изгласаат и да се засолнат во судство, во судски совбту Совет за радиодифузија, универзитети и тн, дека ќе ги сметаме како именувања кои се склучени на непрописен и недемократски начин, спротивно на правната пракса во Македонија и заради тоа, веќе во почетокот на мандатот ќе ги доведеме на подпрашање на ист начин како што сега ги доведува во функција или во позиција Владата на г-динот Георгиевски.

0д сите овие причини јас исто така предлагам на г-динот Љубчо Геороргиевски и г-динот Бесник Фетаи, кои се браќа по профит, веднаш да размислат за повлекување на овој закон..

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Молам, ова е предлог од Владата и не треба со име и презиме да се оди ов Владата кој вака кој така размислува да направи со овој закон. Да не одиме со претпоставки. Може да се случи ова, може да се случи она,

Повелете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе, ќе ги ублажам вашите забелешки, меѓутоа законот е претпоставка. Членот 5 вели "до колку во предвидениот рок од 18 месеци". Зборот "доколку" на македонски е претпоставка. Што значи Владата ни доставува кондиционен закон "до колку", во таква ситуација јас сум подготвен исто така да дебатирам со мојот поим ако или доколку, што е исто синоним .

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Тоа значи дека мора да се запази.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам за тоа што го спомнав Љубчо Георгиевски и г-динс Бесник Фетаи меѓутоа ги спомнав од едноставна причина затоа што премиер на Владата што го предлага законот е г-динот Љубчо Георгиевски. А надлежен за енергетика во РМ е г-динот Бесник Фетаи. Не можам да барам од г-ѓата Ганка Самоилова да застане во повлекувањето на овој закон.

Од овие причини сметам дека законот треба да -биде повлечен, да се остави на предизборната кампања политичките партии ВМРО-ДПМНЕ, СДС ПДПА, ПДП, ЛП , ЛДП, да не ги набројувам сите, ВМРО Вистинска ....

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Да се служите со ДПА, бидејќи е веќе регистрирана партија,

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ќе се служам со тоа додека не ме известите дека пратеничката група е ДПА.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Еве ве известувам и така треба да кажете.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ви благодарам и ви честитам во тој случај.

Ги повикувам оние кои го предлагаат законот да дозволат она шгсо се случува во држави не само со долга туку и со многу кратка демократска процедура, а тоа е овој закон да го замрзнат, да излеземе сите на избори кои веќе се во тек наместо овде да седиме сите да соопштиме на граѓаните што мислиме да правиме со Електростопанство на Македонија кое вредеи околу милијарда евра. Па, едните да кажат мислиме да го пордадеме на странски партнер 51% во рок од 18 месеци другите да кажат мислиме да не го направиме тоа, третите да кажат ќе го преиспитаме тоа, па да видиме да решат граганите зад што ќе застанат.

А, во услови кога последните, буквално последните секунди од мандатот се направи приватизациона зделка од милијарда долари мислам дека е апсолутно непотребно, апсолутно не фер, асполутно недемократски ако воопшто овие зборови доаѓаат до ушите на г-дата од Владата.

Затоа предлагам овој амандман да се прифати,а мегутоа пред се бара од предлагачите на законот да го повлечат законот.

Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Поповски Никола

За реплика се јави г-динот Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе.

Имам реплика во однос на излагањето на г-динот Поповски, и тоа реплика во односно мојата дискусија за овие пет минути би сакал да ја сведам на идеолошките разлика помеѓу центар-лево и центар-десно партиите и типичен говор сега што го слушнавме беше говор на еден претставник на центар-левица кој развојот на општеството, особено на транзиционото како што е македонското, продолжува да го третира со идејата дека со сопствени сили некако со подобро раководење на организациите и тн. и тн. некако би можеле да се извлечеме од економската криза во која што се наосаме.

Ако се сетиме пред 10-тина и 12 години Полска, Чешка, Унгарија беа на многу пониско ниво од нас. Меѓута„таму се случи огромна инвестиција во вид на стрнаски капитал. Е сега, ние мислиме односно г-динот Поповски размислува на начин на кој што вели да ги подобриме условите на раководење со организациите и тн. и можеби ќе се подобри ситуацијата и тнт Таквиот начин на размислување практично беше типичен до престанокот на комунизмот. Ама таквиот начин не доведе до ситуацијата во која што дојдовме, економски и општествено.

Странските инвестииции се неминовни. Е сега, дали мислите г-дине Поповски дека во светот постојат многу богати ама глупави луге кои ќе ви дадат 700 милиони марки или малку помалку од 700 милиони марки и ќе речат добро, јас сакам 49% да иама, толку многу ќе ви дадам странско вложување, странски инвестииции, ама вие продолжете да управувате со фирмата со организацијата Таквиот тип на размислување е карактеристично комунистички тип на размислување. Ние сме многу паметнитни да ги земеме парите ама да продолжиме да управуваме. Дефинитивно извлекувањето од економската криза на спомнатите земји Чешка, Унгарија, Полска и тн. беше со огромни странски инвестиции. Меѓутоа, таму раководењето го презедоа оние кои инвестираа. Сега вие доаѓате до ситуација добро би било да има

некој инвеститор 49% да истури огромна пара, ама ние да продолжиме да управуваме. Тоа не може. Тоа е таа идеолошка разлика на еден центар-лево и центар-десно политичар.

Инаку, повеќе пати го спомнавте Македонски телеком во кој што рековте дека 150 милиони марки се одлеале. Многу лесно опери-рате со тие бројки. Многу лесно оперирате со такви големи бројки што тотално не се вистинити. Затоа што оваа година Управниот одбор донесе Одлука дивидендата на ационерите-што значи и на странските и на домашните акционери, акционери во фирмата да не бидат исплатени односно да не се одлеат пари од профитот што беше земен од Македонски телекомуникации.

По однос на тоа дали сме виделе некој просперитет на Компанијата, од 25 илјади мобилни корисници некаде 1998 год, ако се сеќавате, кога се случи промена на власта во РМ сега имаме 270 илјади а до крајот 300 илјади корисници. 10 пати, 11 пати, зголемен број на мобилни корисници а да не зборувам во однос на услугите, комплетна дигитализација на врските во РМ.

Повторно и вчера вашата колешка и денеска повторно ја извлекувате тезата дека пред завршување на изборите се прави ова за да се наполнеле џебовите. И вчера и денеска ќе го повторам тоа јас мислам дека таквата квалификација е мотивирана од личното искуство. Во 1998 година така направивте со телеком, изедовте 53 милиони долари кредит односно како учество акционерско на *АФЦ* и ИМЈ и потоа се одви-ваа во 1998 год, во октомври изборите. Сега мислите дека ние ќе го направиме истото. Меѓутоа бројките по однос на инвестициите во периодот на вашето владеење од околу 100-тина милиони долари .инвестиции во македонското стопанство и периодот од 3,5 годни со 600 милиони долари инвестиции, вие можеби не ги почитувате, не ги признавате бројките и фактите што излегуваат во новините, но јас ги почитувам и верувам во нив. Тие бројки кажуваат дека не сте во право да се сомневате. Политички може да се сомневате, меѓутоа тоа е гарант дека овие инвестиции ќе се третираат како страснки ивнестиции и ќе ја подобрат можноста за што поквалитетно продаваше односно приватизација на објектот.

Така што, уште еднаш ќе повторам мислам дека не постојат глупави а богати странски инвеститори кои ќе ви дадат средства а на крајот повторно вие да инсиситрате, вие да управувате со компаниите. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Глигоровски Данило.

За реплика се јави пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам г-дине потпретседателе, ако сум маклу подолг од пет минути ќе ме третирате како и претходниот, ќе ве молам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Претхрдниот говореше 6,5 минути. Ќе ви дадам и вам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам , толку барам и јас.

Г-дине Данило Глигоровски, незнам дали има глупави странци кои ќе ивнестираат тука а ќе не остават нас да управуваме, меѓутоа колку што знам вие сте претседател на Управниот одбор на странска компанија МАТАВ, на Македонски телеком кој е во сопственост на МАТАВ. Што значи дека сте вие еден од примерите дека има некои странци кои управуваат со домашни луге.

Зошто постојано велите како тоа мислите тие да не купуваат а ние да управуваме па откажетесе вие од вашата позиција, претседател на Управниот одбор на Македонски телекомуникации за да ни докажете дека странците управуваат.

Г-дине Данило Глигоровски во врска со компанијата што овде ја спомнувате Македонски телекомункkации во сопственост на МАТАВ, немојте да ми држите политичка пропаганда. Прво да ми ги вратите два пати по 20% зголемување на мојата домашна телефонска сметка за мај и јуни што ги платив и на сите други македонски граѓани кои досега платија 2 пати по 20% а очигледно ќе плаќаат уште толку.

Второ, г-дине Данило Глигоровски ве повикувам по завршува-ње на Парламентов да дојдете со мене дома и на влезот на мојата зграда да ми кажете врз основа на што Ксшпанијата чиј претседател сте вие на Управниот одбор ги ископа тревниците, ги скопа плочниците и ги ископа тротоарите и не ги поправи туку ги остави така а тие не се ваша сопственост, а ги кршите, па после да ми кажувате вие мене, дека странците и вие на чело сонив ефикасно управувале со РМ.

Доколку Македонски телекомуникации сега не беше во таква ситуација, јас лично ќе одев кај министерот или кај некој друг во име на граѓаните да му соопштам дека со овие овде искршени плочници и тротоари работата неможе да заврши вака. Мезѓутоа, сега, ако одам кај вас или кај г-динот Џон Манери, ќе ми рече бркајте си вие ваша работа, јас сум приватна фирма.

Вие лошо раководите затоа што немате одговорност пред Владата на Георгиевски затоа што има таков договор. Таков договор сега ќе случите и со Електростопанство на Македонија. Задутре до траката на Македонски телеком ќе има уште една ископана трака и конечно ние ќе немаме тротоар за пристап до зградите, ќе немаме плочници пред зградите а некој ќе крши а нема да гради. Вие можете овде сега да ми држите политички лекции колку сакате, вклучувајќи го она што воопшто не го разбирате.

Инаку, јас сум уверен дека вашата Влада ќе заврши со голем број на странски инвестиции. На пример, ако го продадете електростопанство и ако ги продадете двата аеродроми и ако дополнително нешто продадете на пр. зградата на некоја од македонските јавни претпријатија, зградите верувам дека вие ќе завршите со уште една милијарда долари. Мегутоа никој нема изградено од овие што вие ги спомнувате, една цигла во РМ. Тие , само со милијарда долари ја купуваат недоговорноста на вашата Валда.

Благодарам.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам.

Иако бевте пократок од времето што ви беше на располагање.

За реплика на реплика се јави г-динот Данило Глигоровски.

Повелете.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Благодарам потпретседателе,

Во една работа искажавте комплетно непознавање на односите во Македонски телекомуникации. Ви мислите дека јас, како претседател на Управниот одбор управувам со Компанијата. Тоа најверојатно го кажавте од политички маркетиншки причини. Компанијата има извршен директор кој управува со Компанијата. На секој три месеци еднаш се состанува УО и разгледува некои стратешки глобални насоки на Компанијата. Така што да кажете дека македонец управува со Компанијата, не е точно. Управуваше македонец со Компанијата г-динот Дончев до моментот кога поднесе оставка и кога беше назначен англичанец да ја води Компанијата. Значи не е точно дека г.македонец ја води Компанијата. Тоа е едно еклатантно непознавање на односите во Компанијата.

Втората работа што ја спомнувате за разните тротоари, ископани и тн. мислам дека се обидувате да ја покриете неспособноста на вашиот градоначалник на општина Кисела вода а и градоначалникот на Скопје, бидејќи низ цело Скопје има испокопани разно разни тротоари и сега се обидувате целата работа, во класичниот стил/ влата е крива за се, власта е крива и за тротоарите ископани и ја покривате неспособноста на тие двајца во работата од комунална сфера со многу луцидно политичко решение и обвинување дека се виновни Македонски телекомуникации.

За последната работа, велите дека немало цигла инвестирано од сите тие странски инвестиции. Земете си ги стенограмите од пред нколку седници на кои велите - што е ова разни чешмичиња и патчиња Владата пред избори прави и тн. а пак дискусијата при приватизацијата на телеком во која што велите - што е ова сега сите пари ќе отидат во разни патчиња чешмичиња и тн. Или тогаш бевте во право или сега, или пак и тогаш не сте во право,односно е присутна само политичката демагогија.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Глигоровски Данило.

Ке ве замолам, сега излегуваме од темата за која што расправаме. Расправаме за амандманот. Се прифаќа или не се прифаќа, давате образложение за амандманот. Сега излеговте од темата. Зборувате за телекомот кој веќе дел е продаден. На дневен ред е приватизација на Електростопанство.

Повелете г-.динот Никола Поповски, реплика на реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Благодарам

Ова е реплика, не е во врска со амандманот, меѓутоа сум принуден бидејќи во таа насока г-динот Глигоровски дискутира.

Г-дине Глигоровски, со компаниите во РМ управуваат УО. Со нив раководат директорите, извршни или неизвршни директори. Би сакал да ве

потсетам на нешто , кога во РМ енштo градите, а при тоа нарушувате некое туѓо владение, должни сте по завршување на раaботите другото што сте го нарушиле да го вратите во првобитна ситуација.

Вашата Компанија чиј претседател на УО сте вие во цел Аеродром ископа тротоари и улици, плочници и тревници и не ги врати во првобитна ситуација. Меѓутоа, што е најчудното се обиде да ги врати, со измама. Каде што се тревници, одозуора фрли земја наместо трева. Наместо плочници фрли песок, каде што се тротоарите фрли чакал. Што значи не ги врати во првобитна ситуација.

А знаете зошто не ги врати во првобитна ситуација? Затоа што ако вашата Компанија ги вратеше во првобитна ситуација после положување на табли во нас. Аеродром, ќе потрошеше уште некое милионче евра од парите што од нас ги зема незаконски, за да ги врати во првобитна ситуација. Меѓутоа, вашата фирма како фирма во која што 51% е странскиа партнер и во која во г-динот Љубчо Георгиевски апсолутно не му е битно дали тоа е така, реши да не ги потроши тие милиончина за враќање во првобитна ситуација, туку профитот да си го стави во џеб. Евентуално на крајот по завршна сметка, наместо да стата сфалт, трева и плочки за тротоарите, тие пари ќе ги репатрира в својата фирма . Тоа е многу јасна ситуација. Само ви укажувам на фактот дека со ваква Влада, со вакво однесување тоа ни следи и во доменот на Електро-стопанство на Македонија,. А тоа потоа вие го кажувате може до утре да го кажувате, меѓутоа јас знам со што ние се соочуваме таму каде што живееме . Вие не го враќате во првобитна ситуација затоа што парите ви се подраги од состојбата во која живее населението и, се додека има Влада на РМ што го дозволува тоа, ние ќе живееме така.

Вам ви е совршено јасно дека не се работи ниту за г-динот Пенов ниту за г-динот Димов, туку се работи за неспособноста на Владата да го Контролира Договорот со МАТАВ и за апсолутната посветеност на нив на незаконски начин да влечат профити.

Првиот незаконски начин е со кзмама, направено кривично дело, поднесена лажна завршна сметка врз основа на која Владата на РМ одобри поскапување, значи кириминално покачување на цените во Телеком за што плаќам јас, плаќате и вие, мегутоа неокј повеќе, некој помалку, плаќа секој.

Второ, кршите имот што не е ваш и не го преправате. Требаше да донесетв ма јстори, за да го обноват асвалтот и плочките. Тие работи не ги направивте, што значи дека вие незаконски работите. Зошто да верувам дека вашата Влада во случајот со Електростопанство ќе постапи поинаку. Апсолутно сум уверен дека ќе постапи и полошо, отколку што сега постапува со МАТАВ.

(Благодарам) и веќе не мислам да реплицирам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

По трет пат и последен за реплика се јави господинот Глигоровски Данило.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ**:

Дозвола за копање улици и тротоари се добива од урбанистичките власти на општините во кои што се одвиваат тие работи. Повтррно тука треба да си ја побара причината, ако не биле завршени работите зошто службите, урбанистичките служби во Кисела Вода не ги истерале работите до крај. Значи, повторно треба да го прашање вашиот градоначалник на Кисела Вода.

Втората работа, добро, веќе заборавив, нема повеќе да реплицирам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, благодарам.

Трета и последна реплика на господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине Данило Глигоровски ако мислевте дека откажувањето значи дека на вашите дезинформации нема да реагирам, сте згрешиле. Дозвола за копање не дава ниту општината, ниту градот, дозвола дал господинот Балковски преку неговото Министерство за сообраќај и врски и затоа укажувам, вие ја продавате ТЕЛЕКОМ на МАТАВ, МАТАВ добива дозвола од вас да копа улици, ги копа улиците, тротоарите и плочниците не ги враќа во првобитна ситуација. Заклучок, за парите кои јас ги плаќам за плочници и улици одам по кал. За парите кои јас ги плаќам наместо трева добивам земја и псеок За парите кои јас ги плаќам по улиците ги кршиме колите. А, вие ги добивате профитите. И, тоа е се во кругот на вашата партија.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, благодарам.

Има збор пратеникот Илоски Илија.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Еве, јас на почетокот ќе се обидам да ја вратам дискусијата и да се фокусираме на она што е токму точка на дневниот ред, т.е. амандманот на госпоѓицата Радмила Шеќеринска и господинот Јани Макрадули, поднесен во врска со бришењето на членот 5 иако мислам дека беа оправдани овие наши реакции на неумесното упаѓање на господинот Глигоровски, кој никаде ниту беше спомнат, ниту беше некаде во контекст неговата активност во излагањето на Поповски, никаде не можеше да се види освен од негова страна. Сега, јас ќе се обидам директно да се фокусираме на она што е точка на дневниот ред.

Прво, сакам пред да почнам да образложувам зошто да кажам дека ќе гласам за овој амандман и доколку се изгласа овој амандман, навистина, барем нешто ќе можеме да спасиме од она што може да се спаси. Имено, амандманот е многу краток, концизен и јасен и гласи: "Членот 5 треба да се брише", што значи со бришење на членот 5 прво, се овозможува да се донесе стратегијата за преструктуирање на енергетскиот сектор во Република Македонија, па дури потоа да се носат одредени одлуки за претприватизација, приватизација за избирање на модел за приватизација и тн.Дозволете да спомнам дека Електростопанството на Македонија најклучниот економски сектор, кој небитисува сам за себе, туку од неговото битисување на овој или на оној начин зависи судбината на секој поединец во Република Македонија, а скоро и да нема ниту стопански субјект кој не е во директна врска и неговите егзистенцијални потреби зависат токму од врските со овој енергетски систем, значи со овој систем Електростопанството на Република Македонија. Од тие причини зачудува вакват анеподносшива леснотија со која Владата се одлучува да прави претумбации во чекорите кои треба да се изодат, за да се дојде, навистина до една најоптимална приватизација на тој сектор. И, наместо да ви ја понуди стратегијата за приватизација на Електростопанство на Македонија и наместо прво да го поднесе до пратениците на дневен ред законот, кко што и беше поднесен за измени на Законот во енергетиката, каде барем ќе се најави можноста за приватизација на овој највитален сектор во државата, како гром од ведро небо сега ни доставува одлука, со која Република Македонија 45 дена пред одење на оваа власт задолжува со цели 45 милиони евра. Значи, за секој ден по еден милион евра се задолжува пред одење оваа Влада.

Од тие причини пратениците, дали се работи за пратениците од опозицијата или пратеници од позицијата, без разлика на која политички гупација припаѓаме овде, навистина, се ставаат во една независна ситуација да одлучуваат помеѓу економски, по мене, исплатлив, мора за волја на вистината да се каже исплатлив кредит, а од друга страна на никого во главите не ни е јасно токму за што се зема и зошто токму сега се зема овој кредит од 45 милиони евра. Зошто токму сега се зема во овој момент кога пред ниеден од нас овде не ни е јасно дали воопшто ќе почне процесот на приватизација и дали еоопшто ако не почне сега, бидејќи законот за измени на Законот за енергетика не е сеуште стигнат на дневен ред и мислам дека од она што барем што го имаме како сознание од Претседателството на Собранието дека може да се работи максимум уште денес или утре, дека и нема да стигне во овој парламентарен состав на дневен ред, ќе остане една голема непознаница пред сите нас за неколку битни и суштински работи зошто треба да се изјасниме за или против прифаќање на овој закон или да бидам попрецизен, зошто треба да се изјасниме за прифаќање на овој амандман, поднесен од Шеќеринска и Макрадули.

Прво, ако го имавме усвоено законот за измени на Законот за енергетика, нам : ќе ни беа јасни неколку работи, кои треба да ни бидат јасни за да се изјасниме за или против овој закон што денес го расправаме, т.е. законот за задолжување на Република Македонија за 45 милиони евра во фазата на претприватизација. Значи, ќе ни беше јасно дали Владата сака да го распродаде Електростопанство или Владата со тие законски предложени решенија во законот за измени на Законот за енергетика сака да го оспособи Електростопанство да биде конкурентно за работење на пазарите на електрична енергија во Европската Унија. Ќе ни беше јасно дали воопшто има некаков проектиран модел и кој е тој проектиран модел,за приватизација и на сите нам овде како претставници на народот и тоа ќе ни беше јасно. А, сега, навистина, не ни е јасно. Дали таквиот модел, ќе ни беше јасно на сите, како што Владата, сега прејудицирам, сакала да го предложи да се

приватизира Електростопанството, ќе обезбеди натамошен развој на електростопанскиот систем во Република Македонија или пак самиот по себе ќе продуцира стагнација или пропаѓање во сите сегменти во работата на Електростопанство. Впрочем, ќе ни беше јасно дали и колку Владата има направено прелиминарна проценка, со која ќе почне да лицитрра. Се спомнува некоја цифра од милијарда марки, односно милијарда евра, меѓутоа, јас сум убеден дека само обгјект по објект ако се оди или како целина да се проценува целиот енергетски систем во Република Македонија, многу повисока е таа појдовна основа која треба да се даде на отворен јавен и транспарентен тендер, па пазарот да ја утврди таа цена.

Со,. расправа по законот за измени на Законот за енергетика ќе ни беше на сите јасно кои и какви активности досега ги има направено Владата во процесот на претприватизација. Јас сум убеден дека не„е токму само овој закон еден и единствен, кој го носиме за задолжување на Република Македонија во износ од 45 милиони евра, туку треба можеби стотици други мерки во фазата на претприватизација да се преземени и така ќе знаевме што е то апреземено и кој е тој нултни ден како стартна позиција, кој ќе не убеди дека во фаѕа од 18 месеци, колку што е условот за користење на овој кредит, значи во фаза од 18 месеци да се заврши процесот на приватизација на тој енергетски систем во висина од 51%. Впрочем, ќе ни беше јасно дали господата од Владата што сега ми личат дека се наоѓаат во еден систем на Бруново движење непосредно пред септемвриските избори водат сметка што значи приватизација на ваков енергетски систем во висина од 51%, имајќи ја предвид нивото на енергетска независност на Република Македонија, која имплицира сама по себе и политичка независност или зависност, зависно од тоа што ќе се приватизира од тој целокупен систем и ако не навлегуваме во овие политички води, дури и да не се задлабочуваме во тоа, барем минимум дали воделе сметка за последиците од минимална социјална заштита на постојната структура на вработени или истите тие вработени со нивната намера да го приватизираат во висина од 51% овој сектор на стопанството во Република Македонија, ќе извисат затоа што многу други извисиле во пред или после приватизационите процеси.

Да не набројувам, овде имам уште десетина точки наброено кои нам, барем мене лично, не ми се јасни, бидејќи не ми биле достапни до сега, иако минимум во секоја нормална држава, која влегува во фаза на приватизација на најголемиот енергетски сектор т.е. сопствените електростопанства, минимум со месеци, ако не и со години се воделе јавни расправи на најобини нивоа до највисоки експертски нивоа со помош на разно разни странски консултатнтски куќи. Од тие јавни расправи произлегувале документи, кои како завршена фаза доаѓале дури пред нивните парламенти да одлучуваат, дали, како и колку, кога и на кој начин ќе се приватизираат тие електростопанства.

Затоа, амандманот што го поднеусваат господата Шеќеринска и Макрадули е многу логичен, бидејќи од сите овие наброени претходно факти, треба да се запази редоследот на нештата, т.е. прво треба да се разгледува законот за измени на Законот за енергетика, каде што од овие 10 или 15 наброени нејаснотии и уште десетина што ги имам, да не ги замарам пратениците, ниту оние што не гледаат денес, нам ќе ни беа појасни многу работи и ќе кажевме, бидејќи економски е исплатлив либер плус еден на тој период да се зема кредитот, да се земе, ајде да го земеме. Тоа се оние моменти, кои овој закон го поврзуваат и апсолутно не може да се одвои и парцијално сам за себе да се разгледува како закон за задолжување на Република Македонија за 45 милиони евра, а истиот да не се поврзува со законот за измени во законот за енергетика кој би одговорил, доколку се усвои онака како што е предложен или низ амандманска расправа нешто да се подотера тој текст, на некој начин да се разјаснат некои непознаници што стојат пред нас како пратеници во ова Собрание. Тоа е оној општиот дел околу кој сакав да се осврнам, каде што мора да се направи едно суштинско поврзување на овој со оној закон што го заговарам како приоритетен што требаше, а впрочем како базичен закон од кој ќе произлезеше овој закон што денес го предлагаме.

Сега, попрецизно би се навратил кон предложениот текст на самиот закон, поготово во членот 5, како што е амандманот од господата пратеници поднесен. Дозволете, да цитирам неколку образложенија што Владата нам ни ги дава, а тоа мене ми дава право па и да гласам за, бидејќи од овој закон нема никаква апсолутна реализација, барем онака како што е напишан и онака како што ни е објаснет во образложението, а ќе кажам зошто .

Прво, велите односно предлагачот ни вели "вложувањето од Европската банка за обнвоа и развој, ќе влијае позитивно на можноста за добивање на повисока цена при продажбата на ЕСМ, но исто така ќе влијае и врз зголемување на вредноста на акциите, кои ќе бидат издадени при приватизацијата на ЕСМ". Јас се согласувам со тоа, меѓутоа, имајќи ги предвид сите факти на продажба и приватизација што се извршени во последниве триипол-четири години, одговорно тврдам како пратеник од опозицијата, а со мене верувам дека и голем дел од јавноста ќе се сложи," дека нема таква финансиска институција, дури ни е ЕБОР не е таква, која има толку пари да вложи за позитивно да влијае на можноста за добивање на повисока цена, бидејќи сите тие повисоки вложувања за добивање на повисоки цени на вакви приватизации, ќе се истопат во провизиите што 'ке им ги побара уште неседнати Одборот за продажба на вакви објекти. Ние точно имаме информации дека уште во фазата на прелиминраните преговарања, точно се знае тарифата кој кому и каде треба да ја плати, за да се почне разговор за приватизација на овој највитален сектор на стопанството во Република Македонија. Значи апсолутно не држи оваа теза. Држи како теорија, меѓутоа во пракса најверојатно ќе се извулгаризира до крај, како што впрочем имаме примери за приватизацијата во Република Македонија колку сакате да ги набројуваме еден по еден во изминативе три ипол години.

Второ, Самиот чин на повлеквуање на средствата од кредитот од Европската банка за обнова и развој, доколку децидно се прочита образложението, ќе се заклучи дека е условен и дека не е апсолутно денес ние еве, дајте сите да се согласиме да го изгласаме овој закон, дека од утре нам ќе ни биде деспонибилни на Република Македонија да се земат 45 милиони евра и да се употребат, да речеме за подобрување на инфраструктурата, или како што се некои конкретно наброени инфрластруктурни проекти во рамките на Електростопанството да се градат со тие средства.

Дозволете, господа пратеници, некои сте го прочитале, на некои мсжеби не ви е во сфера на ваш интререс оваа материја или не сте го пронисапе, да ви кажам како би се повлекувале условно доколку се изгласа овој предлог на закон, т.е. доколку не се прифати предлогот на амандманот предложен од Шеќеринска и Макрадули. Самата Влада, самиот предлагач во образложението ни го вели следното: "Средствата од инвестицијата на ЕБОР ќе се повлекуваат во повеќе транши, согласно последователно исполнување на условите утврдени во договорот со ЕБОРД. А, договорот за воља на вистината, морам да признам дека го добивме пред некој ден, иако овој закон го имате пред 15 дена поднесено до Собранието и тоа вели под следните услови:

"Прво, Собранието да го усвои законот за енерегетика и ангажирање на квалификуван советник за приватизација на ЕСМ преку отворен, транспарентен и конкурентен тендер". Тоа значи дека суштински сите настапи на пратениците, од пратеничката група на СДСМ комплетно се издржани во самиот текст на образложението каде што викате, додека не се донесе законот за енергетика, не може да се повлече минимум првата транша од овој кредит". Ако е тоа така, убедете ме вие господо од позицијата, која го контролирате парламентарното мнозинство дали ние овде ќе работиме минимум уште 10 дена, па да претполагаме минимум можност за донесување на законот за измени на Законот за енергетика. Мојата пракса во овие четири години говори дека тоа е скоро невозмсжно, затоа што од оној материјал што јас го имам лично добиено, гледам дека во моментов постојат преку 100 амандмани пcднесени на самиот Предлог-текст на законот за измени на Законот  за енергетика. Што занчи првиот и основен услов кој ни го наведувате во образложението, како битен предуслов за повлекување на првата транша од кредитот од ЕБОР е неостварлив и кредитот не може да биде ефектуиран или да биде дисмунибилен за повлекување на тке средства или да се отпочне, дај Боже, сс некоја инвестиција во инфраструктурата на Електростопанството.

Вториот услов вели "договарање на развојно ориентирана тарифна политика и механизми за нејзино имплементирање". Второв услов ако помно се прочитаат одредени членови од законот за измени на Законот за енергетика, исто произлегува точно и е врзан сс првиот услов, што значи носење на закон за измени на Законот за енергетика.

Третиот услов е изработување на деталeн писмен елаборат за стратегијата и процесот на приватизација и утврдување на средствата од ЕСМ кои ќе се приватизираат, т.е. правење на план за приватизација. Тоа го гсворев во мојот општ дел на почетокот, кога кажав кои ни се

нашите непознати работи, за да се изјасниме за или против.ваков кредит.

; Четврто, регулатор на реформа односко доколку е потребно Ссбранието, вели, да усвои дополнителни акти. Ако Собранието во тајминг веќе доцни за да го стави на дневен ред и да го разгледува Законот за енергетика, јас незнам како ќе скогнеме сили или каде ќе најдеме време кога веќе сме завлезени во фаза на предизборна кампања, да донесуваме и други дополнителни акти кок ќе бидат основа и платформа за повлекување на другите страни од кредитот.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ**:(Продолжение)

Петто, официјално усвојување на предквалификациони критериуми, задоволителни за Европската банка за обнова и развој за избирање на стратешки инвеститори за конечната понуда.

Шестто, завршување на преткалифиакциониот круг на стратешки инвеститори што резултира барем со двајца стратешки инвеститори во процесот на преткалификација.

Значи, ова се толку поодминати фази од она што ние не можеме сега да го сватиме дека влегуваме во процес на приватизација на тој сектор, а сепак се наброени и прифатени услови во Договорот меѓу македонската Влада и Европската банка за обнова и развој како битни предулови кои го операционализираат кредитот. Во спротивно нема кредит, има само потпишан Договор за задолжување.

И најтешкиот и последен услов, најмалку едне стратешки инвеститор во процесот на преткалификацијата, тоа е последната фаза, што би ја известил Европската банка за обнова и развој за сериозните намери да ја вклучи банката во процесот на приватизација на ЕСМ. Еве, да не навлегуваме во некој футоризам и да одиме дека седмиот услов ќе го исполниме, кажете ми ако не е исполнет најмалку првиот услов, како вие како Министерствот за финансии со кој пакет ќе се обратите до Европската банка за обнова и развој да ја повлечете првата страна од кредитот. Финансиери се сите таму што седат од левата страна н аклупите на Владата и на нив веројатно им е познато, без разлика дали ја повлекле или не ја повлекле првата транша, кога кредит од одредена финансиска институција се става на располагање, се става во таканаречена отплата, а вие бркате некои услови да ги исполните и да повлекувате транши од тој кредит, од тој почетен ден почнуваат да течат таканаречените интеркаларни камати, дали Владата сега дискутирам, па одговорете вие размислува и за овој чин, ако не се исполнат условите и по наша вина Не почне влечењето на кредитот, значи не се почне со изградба на објекти како што се прејудицира во образложението на овој закон, Владата да каже од каде ќе ги наплати овие интеркаларни камати да ги плаќа како трошок на не ефктуирани средства за РМ, бидејки убеден сум дека во овој парламентарен состав апсолутно не може незнам што да направиме да се усвојат измените на Законот за енергетика. Ако се земе предвид еден ноторен факт дека и утрово кога влеговме во овие парламентарни клупи, од премиерот добивме писмо дека уште 20 законски проекти се многу битни за усвојвуање во овој Парламент, од кои незнам зошто Кабинетот Не е во Тек но некои се усвоени, меѓутоа, скоро 15 клучни проекти посочува дека треба да се усвојат, меѓу кои и Законто за енергетика тој е ставен на дневен ред како точка 12, веројатно треба деноноќно да работиме сите овие 10 дена за да стасаме до Некоја цел, што ќе ни обезбеди влечење само на првата транша од кредитот.

Од тие прични, господа пратеници, да се задржиме само на овие два сегменти и мојата дискусија ќе ја сведам само на две глобални причини поради кои амандманот треба да Се подржи и овој закон , ако веќе Владата не најде доблест да го повлече, барем преку овој амандман на некој начин да се стопира во парламентарната процедура, првата причина е што навистина има многу непознаници за нас пратениците, а и за пошироката макеоднска јавност за процесот на приватизација на Електростопанството додека не се донесат измените на Закаонот за енергетика во РМ, апослутно да не се пристапува, а и доколку се донесе, втората причина за која зборував, по мене и мое длабоко уверување овој кредит нема да биде оперативен и ќе претставува само некој трошковен кредит преку интеркаларните камати што треба РМ да ги понесе.

И трета и основна причина за која не спомнав ништо, а која е суштинската во негирање на овој проект што не треба денес да оди: ниту една земја, во овие денови откако беше пласиран законот за измени на Законто за енергетика, вртејки стотици сајтови на интернет, не најдовме

дека за толку краток период, за период од 18 месеци, успеала да изврши приватизација од 50%. Не би сакал да се повторувам, многу експлицитно вчера зборуваа г-оѓицата Шекеринска и Јани Макрадули кои се тие фази на приватизација на вакви сектори во сите држави, без оглед далис е економски по развиени или по неразвиени тоа е ирелевантно, меѓутоа, тие процеси и тие чекори може да се изодат. Само фазата на отпочнување на некои подготвителни работи за приватизација на вакви системи трае година-годинаипол, а не ние да имаме таква храброст и таков оптимизам дека било која влада, без оглед дали ќе остане оваа или во септември ќе се смени друга, дека ќе го стигне чекорот овој кредит да го претвора во акции, односно да го приватизира Електростопанството на Македонија 51% од вкупната структура на капиталот. Бидејки тој репдр е недостижен, апсолутно незнам зошто има потреба да ја задолжуваме Репулика Макеоднија.

На крајот би завршил со уште две реченици. Под теоретска претпоставка, еве сега хипотетично ќе земеме пример, ќе најдеме сили и ќе го донесеме законот за енергетика, што е утопија, меѓутоа, хипотетички земаме такво пример. Успеваме да ја повлечеме првата транша. Како мислите само со една транша од 45 милиони евра, ајде да земеем десетинаод тоа односно 4,5 милиони евра, да почнете инвестиција на 400 киловолтен далековод за поврзување со енергетскито систем на Република Бугарија. Како може само со 4 милиони евра? Како директор на ЕМО се сеќавам кога го потпишувавме Договорот за изградба на 400 киловолтната врска Битола-Скопје, мислам дека тоа е пократка релација, тогаш тоа чинеше 24 милиони евра финалната завршна фаза еден таков енергетски капацитет. И тоа да го направиме, па вториот услво за повлеквуање на втората транша, апсолутно немаме теориска шанса во рок да го постигнеме, а доаѓаме во ситуација во коај сме влегле во одредена инвестиција со минорен износ од 4, 5 милиони евра, втората транша не можеме да ја повлечеме, немаме сопствени извори да финансираме и доаѓаме до една стратешка инвестиција која треба да се реализира во одреден период, ние потпаѓаме во временски теснец и 18 месеци не газат да почнеме да го враќаме кредитот, бидјеки не ги исполнуваме другите услови за влечење на следните страни. Така, ако се земе сума сумаре, навистина расправаме за една нонсенс материја коај никаде не не води и во оваа фаза на расправа треба да го прифатиме барем амандманот за да се подобри битно текстот на овој предложен закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Илија Илоски.

Иа збор г-динот Радомир Карангелески по амандманот.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, претставници на Владата,

Вчера бев најавен за дискусија, меѓутоа, денес не можев да дискутирам и затоа ќе дискутирам по амандманот. Амандманот е суштината на оваа работа и ќе се осврнам на некои работи кои се генерални.

На почетокот ќе кажам дека никој не спомна една работа, да ги ставиме на стран на политичките работи и законот за енергетика, иако и на него ќе се осврнам понатаму, но никој не стави пред нас со овој Предлог , освен во причините заради кој се донесува законот, образложение на кој начин се мисли тие пари да се потрошат односно за што и на кој начин е направена техноекономска анализа за да денес, бидјеки сме одговорни пред граѓаните што не избрале, да можеме да кажеме дека ја задолжуваме државата и сите ние, нашите и нивните деца треба да го отплатуваат овој кредит. Со оглед на тоа што проектите што се предвидени да се изградат со овие пари, без оглед дали ќе се приватизира или нема да се приватизира Електростопанството, ќе бидат исплатенив о смисла на нивниот придонес во економијата на Република Макеоднија и со тоа би било јасно дека едноставно, дури и со верифицирањето на кредитот ќе биде позитивно, односно се има позитивен резултат од тоа. Што значи тоа едноставно кажано?

Во причините видовме дека предлагачот на законот по итна постапка предлага средствата да се искористат за инвестициони активности на проектот за 400 киловолтен интерконективен далекувод Дуброво-Радомир. Меѓутоа, за да донесеме одлука , да изгласаме едно вакво задолжување, мислам дека е несериозно од предлагачот да не даде една техноекономска анализа за колку време се смета овој далекувод да се изгради, во електроенергетската

стратегија на РМ колку со тојдалекувод ќе се има размена и дали во еден или во два правци со Република Бугарија, што значи тоа од аспект на квалитетот на снабдувањето на РМ со електрична енергија, што значи тоа со оглед ан доверливоста на електроенергетски систем на РМ и со една , би рекол издржана техно-економска анализа сите симулации што би се предвиделе од овие аспекти што сега ги кажувам едноставно да ни ја отворат слиакта и да знаеме како пратеници дека за 10 години од тој далекувод би имало размена толку и толку милиони киловат часови електрична енергија и таа инвестиција би се исплатила за 10-15 години.во зависност од резултатите што ги спомнувам. Тоа не е направено и само таа причина е доволна ние да не го изгласаме овој закон за задолжување кој е крстен како гаранција на Република Македонија по Договор за термисна условна продажба. Доколку имаше интенција средствата да се наменат за некој друг проект пак како терминска продажба немам ништопротив, меѓутоа, и тој предлог би требало на некој начин да се образложи, да ги погледнеме и техничко-економските апараметри на тој проект, за да видиме едноставно дали износот со кој ќе се задолжиме како држава ќе се врати во идниот период.

Од друга страна, уште по сложена состојба се добива со аспектот дека на некој начин се условува, односно тие средства што Европската банка за обнова и развој ги дава на нашата држава едноставно сака да ги трансформира во своите акции, нормално при приватизација коај на некој начин ја стимулира со овој предлог закон.

Што е сега суштината? Тука нема ништо лошо и добро е Европската банка за обнова и развој да учествува. Јас не се согласувам со некои констатации на претходнидискутанти дека едноставно е добро да се привлече странскиот капитал, без ниедна дебела критична анализа на тоа што и во што се вложува и на кои основи и под кои услови.

Ние овде добивме дури и предлог на договор за условно одложена купопродажба на акции во врска со претприватизација на Електростопанство и тоа е еден материјал кој што е даден на 51 страница. Малку ме зачудува и ми дава за право да се сомневам, бидејки половина од овие страници се со стипулација на членови од тој Договор каде што вие "повлеквуањето на средствата" , па во тој случај доколку не успее овој договор, јас ќе ај прочитам самопоследната страница, апослутно не се економски гледано поставени каматните и другите услови, туку е обратно. Еве, ќе прочитам , дел II "Пресметка на износот на камата" на страница 50. На 1 јануари 2003 година, значи првата транша што би се повлекла од 10 милиони евра, се исплатени однапред, на 1 јули 2003 20 милиони евра, исплатени однапред на 1 септември 15 милиони евра во акции на оделен дел на ЕСМ, стекнати од ЕВРД и т.н. Сега вели: "цената на повратот... фактички од 1 јануари 2003 до 1 јануари 2004 година е 9%, плус 1 % ", значи 10% за враќање доколку тоа не се направи. Јас незнам кој проект кај нас би имал таква профитабилност да може да поднесе вакви проценти при враќањето, доколку едноставно не се обезбеди тоа.

Меѓутоа, сега исто така би рекол дека леснотијата за одлучување за 45 милиони евра кредит, поучени од искуството во скоро минато, а ќе дадам конкретни примери, исто така ова Собрание ратификуваше кредит од Светската банка во износ од 61,5 милиони марки за 4 проекти, од кои најголемиот за рехабилитација на 6-те најголеми хидроелектрани, кои по изготвувањето на тендерската документација и завршувањето на тендерската процедура ги добија некои странски фирми, требаше да оствари 28 мегавати зголемвуање на производството, значи во снага или според некоја естимација во однос на број на часови во година околу 200 милиони киловат часови додатна електроенергија требаше да се произведе во Република макеоднија. Ги знаеме тарифите и цените, може да се претпочита зошто овој проект требаше да биде завршен оваа година, но се пролонгира, а ние сме се задолжиле со кредит, тој кредит има свои економски услови, враќање камати, грејспериоди и т.н. и едноставно сме покуси и како држава и како граѓани, бидејки на некој начин од нашите средства се сервисираат сите овие кредити, за тој износ кој помножен со бројот на години што ќе доцни завршувањето на рехабилитацијата е катастрофален, а се работи за десетици милиони евра. Или да не зборуваме за Проектот за Хидроелектраната "Козјак", каде заради несогледување на сите аспекти и техноекономски и договорни, дебело да се замислат не само од секторите, дали е тоа Електростопанство

или делот во Министерството за стопанство кој што се занимава со енергетиката, дали е Министерството, Владата, па дури и Министерството за финансии, во секој случај дури меѓу министерствата требаше да има претходно едно договарање околу елаборацијата и спрега на овие елементи од техничкиодносно економски аспект за да знаеме како пратеници односно како претставници на народот дека со мирно срце можеме да го стиснеме зеленото копче и да кажеме дека овој кредит е добар. Од таа гледна точка за мене е доволно за на некој начин да го гласам овој закон.

Меѓутоа, бидејки имаме амандман за бришење на точката 5, без кој согледувајки го предлготото на текстот меѓу Европската банка за обнова и развој и нашата земја претставувана од Владата на Република Македнија, но така не пишува, пишува од Владата на земјата заради познатите причини, јас мислам дека со усвојвуањето на овој амандман 5 , целиот договор ќе падне во вода и Совет на една таква ситуација ќе го гласам амандманот 5 затоа што сметам во оваа фаза без овие елаборации овој закон не треба да помине. Тоа е како прво.

Второ, согласно процедурата на Собранието, апсолутно не постапивме нормално,а тоа е речено неколку пати. Прво требаше да оди законот за енергетика, па потоа ова финансирање, затоа што таму се стипулираат одредени работи од процесот за приватизација. Дури е измиксирана работата, фирмата која што е консултант на Електростопанство за приватизација треба да се определи, тоа е веќе завршена работа.

Сакам да кажам дека вакво условување, дури би рекол целиот текст на договорот од Европската банка е ставен да си ги штити нивните интереси. Кога ние еднаш Ќе ставиме прст на чело и ќе ги засапуваме нашите специфични интереси за државата Република Македонија. Тоа е основно прашање кое што јас го поставувам пред Министерството за финансии, па дури и пред Министерството за економија во однос на законот. Зошто? Затоа што од една страна ЕБОРД е заштитена во сите случаи да се откаже, да Не се изврши приватизација дури и во рок кој што е неприродно мал 18 месеци, а ние едноставно и дури да не го почнеме овој проект а да ги повлечеме транжите треба да плаќаме камати што е чисто дадена пара назад, под претпоставка да не се изгради тој објект кој што е доставен како причина за изнесување. И да Се изгради овој проект, односно далековод 400 киловолти, кој што Несомнено Ќе донесе подобар електроенергетски интерконектен систем и Ќе направи еден прстен и Ќе можеме Да се споиме да кажеме пpреку Бугарија и другите земји од електроенергетскиот систем на Источна Европа. Меѓутоа, велам што тоа значи, колку електрична енергија ќе протече, колку тој пат, односно далековод ќе биде искористив тоа апсолутно недостасува во елаборација и тоа за да биде пластично објаснето, тоа е исто да изградите пат, автопат до Некое Село, а да Не помине ниту едно возило и да тој автопат, фрлите огромни милиони долари, а едноставно не сте имале причина да го изградит. Јас Велам хипотетички, бидејќи можеби ќе се ослониме на тој далековод во иднина, Меѓутоа што тоа значи во однос на парите кои што Се улагаат во изградбата и што тоа значи во однос на придобивката од една таква изградба на далековод од 400 киловолти кој што едноставно при постоечката мрежа е само еден Дел подобрувања на, би рекол, постојната 400 киловолтна мрежа во Република Македонија. Не сакам да Се сфати Дека сме против тоа, меѓутоа Немаме Техно-економски параметри за една таква работа.На крајот, бидејќи се изјаснив по амандманот, сакам да кажам дека секогаш имаме долги Дебати по вакви точки на дневен ред, каде што стратешки не се пристапува и едноставно, Владата и соодветни ресорни министерства, зависно за кои проект или концепција Се работи, немаат стратешки обработени би рекол правци или ориентации према кои Ќе Се ориентира и енергетиката во Република Македонија во конкртниот случај, за да знаеме кон што тежнееме и да знаеме во кои правци да С движи изградбата и на одредни проекти и тн.

Од друга гледна точка, или трта сеедно, ми велат, добро е тоа, затоа што ќе учствуваат нашите фирми во изградба на овој далковод, па барем неколку компании ќе имаат добивка од тоа, затоа што ќе им се оствари работа. Тоа е точно. Меѓутоа, јас ќе кажам, Секогаш при вакви големи проекти, секако ќе Се почитува и тендерската процедура, што Не значи дека ние мораме да ја дадеме изработката и на проектот и изработката на далеководот на домашната компанија што секако е добро. Би тр9бало да Се услови, а таа е една, ја знаеме, тоа е

"Емо" -Охрид. Меѓутоа, Се плашам Дека и тука може да Се изместат работите, па дури и оние средства што да кажеме сите ние како граѓани, Не само тука што седиме, туку и сите граќани во државата што треба да го отплаќаат кредитот, на Некој начин Ќе го отплаќаат за никој друг да има ќар, ако хипотетички пак Велам, на тендерот добид страна компанија, а ништо чудно, со оглед на сите збиднувања кај нас.

Од тие причини, бидејќи Немав можност да Се јавам вчера по прекинување на седницата, односно сабајле, јас Ќе гласам за ова, за да се оневозможи донесување на овој закон, со олед на целата дискусија што ја кажував.

Благодарам.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Благодарам на пратеникот Карангелески Радомир. Има збор госпоѓицата Шекеринска Радмила.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници,

Јас морам со жалење да констатирам дека водимд дискусија за оваа Тема минимум 6-7 часа во Текот на вчерашната и денешнава седница. При тоа, исклучиво ги слушаме аргументите на оние кои што сметаат Дека законот е лош. Имаше обид од Неколку пратеници да кажат Дека може не и се и така црно,меѓутоа дури и тие не најдоа сила, а пред се аргументи да не убедат дека загриженоста со која голем број на пратеници го анализираа законот како штетен за Македонија е неоправдана.

Меѓутоа, не е случајно што во текот на седниците на Македонското собрание се канат и се присутни во текот на расправата по овие закони, и претствници на Владата која го предлага дадениот закон, претставници на соодветните министерства задолжени, би требало да го бранат законот. За жал до овој момент не чувме ниту еден аргумент, ниту еден обид да се каже дека сепак постојат некои причини поради кои што донесувањето на овој предлог во форма во која што е, ќе биде позитивна. Дури и денеска, кога дискутиравме за двата поднесени досега амандмани, не добивме никаква причина, никакво објаснение, никаква математика, никаква аргументација, со која Владата и нејзините претставници ќе објаснат зошто не ги прифаќаат амандманите кои се поднесени. Јас се согласувам дека амандманите кои што се поднесени се такви да практично го поништуваат законот и точно е дека ќе биде глупаво од една Влада или од нејзините претставници во ваква расправа да каже да, го прифаќаме тој и тој амандман, било првиот, било вториот за кој што сега дискутираме, бидејќи тогаш ова ќе биде закон кон што нема да има материја, нема да има содржина. Меѓутоа, паметно мислам би било, онаа Влада и оние претставници кои што при ваква дискусија и при ваков дебаланс на аргументи од една страна сериозни размислувања, без разлика може се погрешни или правилни, а од друга страна ништо, ќе излезеше и ќе кажеше во ред, можеби ќе треба да го осмислиме, можеби ќе треба уште еднаш да го дискутираме, па на крајот на краиштата и на собраниски комисии и го повлекуваме заради таа причина предлогот на закон.

Бидејќи тоа не се случи, ние како претставници, како пратеници, сме доведени во ситуација, одново и одново да ги отвораме истите дилеми и одново и одново по малку и да ги провоцираме претставниците на Владата да излезат и да ни кажат што била идејата на Владата со ваквиот закон. Излегуваме неколку часа, зборуваме, дискутираме, од друга страна имаме молк. Јас се сеќавам дека ова не е прв пат, мислам неколку пати ни се случило. Се сеќавам последниот пат еден од првите всушност пати во ова Собрание, кога дискутиравме за договорот со Окта, на ист начин се водеше дискусијата. Излегуваа многу пратеници со 10-тина, 15, 20 сериозни прашања, кои што останаа глуви. Никој не одговори на нив, никој не се обиде, што е уште поинтересно, никој не се дури ни обиде да ги објасни. Значи, доколку сега одам директно на законот кој што го предложивме, мислам дека во овој амандман кој што го предложивме, мислам дека е и суштината и на овој амандман и на претходниот кој што беше поднесен и да го постави клучното прашање. Дали Владата ги презела неопходните мерки и анализи за да ни се излезе со предлог Република Македонија да ја задолжи за 45 милиони евра и при тоа да земе сериозни обврски во погледот на приватизацијата на Електростопанство на Македонија. При тоа, би рекла дека Владата не одговори на клучното прашање кое сите по ред и го поставуваа. Ако веќе сметате дека треба да има приватизација на Електростопанство на Македонија, ако веќе сметате дека таа приватизација сега да се изврши, сега или за 18 месеци, тоа е

се исто, тогаш објасн9те ни барем која е стратегијата која што стои позади вашиот план за приватизација. Која е програмата која што сте ја предвиделе. Кои се проценките кои сте ги направиле. Кои се моделите што сте ги испитале, кој е моделот на кој што играте? Ако тоа не е познато, навистина, ако тоа никој не го кажува, навистина на нам ни станува јасно дека никој не го кажува заради тоа што таков план, таква анализа, таква оптимизација не постои. Тоа е страшно. Да ви дојде влада и да ви каже дека најголемиот бизнис кој што може оваа држава да го продаде, ако сака да го продаде, дека го продава без план, дека го продава без програма, дека го продава без дефинирана цел, тогаш ви станува јасно дека од оваа влада повеќе или помалку од ова не може да се очекува. Мислам дека со овој предлог и со начинот на кој што го браните, односно не го браните, Владата го допира дното.

Кога зборувавме за стратегија, можеби на некого му изгледа чудно. Можеби некој ќе каже, па стратегијата е да се продаде Електростопанство на Македонија, да се земат пари, дел од тие пари можеби ќе ги земе државата, дел од тие пари ќе ги земат поединци. Нема тука многу филозофија. Меѓутоа, првото прашање на кое што можете да паднете на тестот на приватизацијата, либерализација на реформи на енергетскиот систем е прашањето на стратегијата. Веќе зборувавме дека еден случај е доколку сакаме да добиеме пари за државата, ако ни требаат итно. Ако е Македонија банкрот и ако не може да најде никој друг сектор кој што би и донел толку голема сума на пари и иако знае дека тие пари ќе бидат еднократни, иако знае Дека тие пари потоа веќе не можат да се репродуцираат и дека ќе се потрошат, дали за една, дали за две, дали за пет години без разлика, смета дека тоа мора да се направи. Значи, во тој случај би имале еден тип на концепт на приватизација. Во тој случај целата фирма би се продавала во комплет и на тој начин претпоставуваме дека ја добиле најдобрата можна цена за Електростопанство на Македонија. Меѓутоа, во моментов никој во Македонија не кажува дека денеска имаме такви услови. Никој не кажува дека Мак^донија не може да ги исплати своите, буџетот, нели имаме суфицит и тн. и тн. и дека всушност пари не се неопходни во државата, барем не на начин кој што би претпоставиле.

Втора причина поради, или втора стратегија различна која што би ја имале, е доколку сметаме дека единствен начин за да го заштитиме, зачуваме системот, за да тој продолжи да егзистира и да испорачува електрична енргија, доколку се сочува со сериозни проблеми во испораката, дека единствен проблем е да се продаде и таа грижа да му се префрли на приватниот инвеститор или на приватниот сопственик. Меѓутоа велам, има многу држави во светот кои што го имале тој проблем. Има држави во кои што цели сектори, цели региони од државата немаат електрична енергија. Во такви сектори и во држави во кои што не можат да се најдат средства за такви инвестиции, се оди на вакво продавање. Меѓутоа, тоа во Македонија не е случај. Овој сектор функционира и ќе функционираше многу подобро да не беа сериозните политички мешања во работата на она што требало да биде професионален сектор.

Трета работа или трета опција за можна стратегија би било доколку Македонија и Електростопанство на Македонија, Министерството за финансии и сличните институции заклучат дека во Македонија, или македонската држава, македонското електростопанство немаат можност за нови инвестиции кои што мора да бидат предвидени. После 10 или 15 години Македонија ќе се соочи сериозно со недостиг на електрична енергија. И мислам дека е ова релевантна загриженост, или е ова е релевантна причина за грижа. Мораме да седнеме и пресметаме колкави се потребите од инвестиции во енергетскиот сектор во Македонија за да ги задоволат побарувањата планирани за 2010, за 2015, 2020 година, кои се тие инвестиции кои што се оптимални и на крајот на краиштата кои се изворите за инвестирање. Меѓутоа, тука имате различни опции. Не мора да одите на целосна приватизација. Можете новите програми или новите сектори, новите објекти кои ќе бидат во изградба, да ги дадете на приватни инвеститори кои што реално вистински ќе инвестираат во Република Македонија, а не само тоа што ќе откупат објекти кои што Се веќе постоечки и кои функционираат. Такви случаи се поттикнувуаат и треба да ги поттикнува македонската влада заедно со македонското електростопанство. Значи, случаи на независни производители кои

што ќе бидат независни инвеститори во делот на нови електроенергетски објекти. Меѓутоа, во овој случај, доколку го погледнете и предлогот на законот, доколку го прегледате и Договорот, доколку ги чуете оние неколку ретки претставници на Владата кој што нешто и кажале за приватизацијата на Електростопанство на Македонија, единствениот заклучок кој што ќе го имате е дека всушност новиот инвеститор, ако има таков, дека нема да превземе никакви обврски за дополнителни инвестиции. Две ситуации се. Едно е вие да имате договор во кој што ќе предвидите дека тој новиот сопственик ќе има обврска да инвестира толку и толку средства во секторот наредните две години. Тоа е една работа. Меѓутоа, сосема друга работа е ако таква обврска Не предвидите со Договорот. Во тој случај, стратешкиот инвеститор може да се случи воопшто да нема интерес да инвестира во нови објекти во Република Македонија. И електрична енергија во РМ да купува од некои од соседните држави, генерално од други држави, од други производители.

Дали РМ е заинтересирана да стане само територија, земја, како сакате, во која што Ќе се транспортира само електрична енергија до неа, или евентуално низ неа, а нема да има ниту едни дополнителни производни капацитети. И за тоа треба да зборуваме. Можеби некој ќе излезе и ќе каже да, бидејќи најголемиот дел од производните капацитети, фактички е одредено загадување, а нема да има ниту едни производни капацитети. Тоа е можеби точно да дел од производните капацитети ама хидроелектраните секако, не се такви. Можно е да стимулираме инвестиции во искористување на обновливи изворни електрични капацитети. Новите инвестиции кои што не ги презема стратешкиот инвеститор ќе останат како проблем на РМ, или ќе се согласиме постојано да купуаме електрична енергија, која што ќе ја купуваме по повисока цена. Можно е некој да излезе и да каже, велам дека најголем интерес треба да биде да ја зачуваме Македонија чиста, заради тоа што сме заинтересирани стретешки да го развиваме земјоделието и во тој случај не сакам9 нови капацитети и во тој случај можеби новиот инвеститор не треба да има никакви обврски за инвестиции. А инвестициите не се однесуваат само на производните капацитети, се однесуваат и на подобрување на условите за пренос и дистрибуција.

Затоа, најголемиот број препораки одат во насока не на давање на фиксни суми, кои што треба инвеститорот да ги потроши во дадени инвестиции, но за давање нови услови при испорака на електрична енергија. Дека тој треба да има да им гарантира на сите корисници на електрична енергија, навремено, ефикасно, квалитетна испорака на електрична енергија по одредени цени за кои што треба да се отвори дискусија. Меѓутоа, дури и загадувањето ако ви е приоритет, што се случува со регулативата за загадување. Дали новиот инвеститор, доколку го има, ќе биде соочен со сериозни обврски во поглед на загадувањето. Според она што денеска го гледаме, апсолутно нема да има обврски и ќе може дури некој со соодветен капитал, со соодветни инвестиции да дојде и да гради објекти кои што Македонија ќе ја претворат во депонија. Дали можеби целта Електростопанство на Македонија и енергетскиот сектор да нуди подобри услови. Ако е тоа така, тогаш треба да инсистирате на конкуренција. Меѓутоа, јасно е дека и законот овој и предложениот закон за измени на Законот за енергетика воопшто не отвора, не размислува за можностите за конкуренција.

И на крајот, спомнатите тенденции за едно интегрирање кои што апсолутно грешно, лажно се споменуваат како аргументации. Ако немате стратегија, ако не сте одговориле на клучните прашања, не можете да одите понатаму, првиот вистински чекор не ви е направен. И навистина, незнам како парламентарното мнозинство, доколку се согласи, ќе прифати да биде ставено во позиција да одлучува за нешто за што, ниту тие, ниту очигледно луѓето во Владата незнаат како треба да се спроведува. Дека Владата нема стратегија можно е да се заклучи од неколку дури банални примери. Јас Ќе спомнам само еден од нив. Незнам дали Се сеќавате на процедурата на усвојување на новиот закон за изменување на Законот за локална самоуправа. Тоа беше некаде на почетокот на оваа година, започна расправата по предлог Текст на законот, а кој што ни го потпишал премиерот Георгиевски и што ни го испратил во име на Владата, а за кои што после недела дена откако беше низ собраниските кулуари, низ собраниските ходници и поделен помеѓу пратениците, за да ни каже

Владата, всушност, и не го прочитала, бидејќи не се усогласиле клучните министерства, е една од работите околу тоа што тогаш се немаа усогласено и која што за нас делуваше шокантно, е кога прочитавме дека во едно од стотиците алинеи за нови ингеренции на општините, односно единиците на локалната самоуправа, стои делот на испорака, дистрибуција на електрична енергија. Ние бевме изненадени, прво заради тоа што никој претходно немаше дискутирано и второ, заради тоа што невозможно е еден таков сектор да го решите со една мала алинеја, во еден закон кој што допира сосема друга област. И тогаш со колегата Благоја Стојковски донесовме амандман да се брише таа алинеја. Тоа беше причина малку да се запре работата за усогласување на Законот за локална самоуправа. Меѓутоа, тогаш кога зборувавме за тој амандман го поставивме клучното прашање. Како можете вие да издвојувате ингеренции во енергетскиот сектор, без при тоа да имате стратегија за развој, реформи во овој сектор. И тогаш ја повикувавме Владата дека пред да го допре секторот, треба прво да ја осмисли и да ја објави, да ја обзнани таа своја стратегија. Тоа не го чувме ни тогаш, ни ден денеска не го слушнавме. Значи, ако тогаш поминеше законот не забележан од пратениците, ако немаше амандман И на крајот, спомнатите тенденции за едно интегрирање кои што апсолутно грешно, лажно се споменуваат како аргументации. Ако немате стратегија, ако не сте одговориле на клучните прашања, не можете да одите понатаму, првиот вистински чекор не ви е направен. И навистина, незнам како парламентарното мнозинство, доколку се согласи, ќе прифати да биде ставено во позиција да одлучува за нешто за што, ниту тие, ниту очигледно луѓето во Владата незнаат како треба да се спроведува. Дека Владата нема стратегија можно е да се заклучи од неколку дури банални примери. Јас ќе спомнам само еден од нив. Незнам дали се сеќавате на процедурата на усвојување на новиот закон за изменување на Законот за локална самоуправа. Тоа беше некаде на почетокот на оваа година, започна расправата по предлог текст на законот, а кој што ни го потпишал премиерот Георгиевски и што ни го испратил во име на Владата, а за кои што после недела дена откако беше низ собраниските кулуари, низ собраниските ходници и поделен помеѓу пратениците, за да ни каже

Владата, всушност, и не го прочитала, бидејќи не се усогласиле клучните министерства, е една од работите околу тоа што тогаш се немаа усогласено и која што за нас делуваше шокантно, е кога прочитавме дека во едно од стотиците алинеи за нови ингеренции на општините, односно единиците на локалната самоуправа, стои делот на испорака, дистрибуција на електрична енергија. Ние бевме изненадени, прво заради тоа што никој претходно немаше дискутирано и второ, заради тоа што невозможно е еден таков сектор да го решите со една мала алинеја, во еден закон кој што допира сосема друга област. И тогаш со колегата Благоја Стојковски донесовме амандман да се брише таа алинеја. Тоа беше причина малку да се запре работата за усогласување на Законот за локална самоуправа. Меѓутоа, тогаш кога зборувавме за тој амандман го поставивме клучното прашање. Како можете вие да издвојувате ингеренции во енергетскиот сектор, без при тоа да имате стратегија за развој, реформи во овој сектор. И тогаш ја повикувавме Владата дека пред да го допре секторот, треба прво да ја осмисли и да ја објави, да ја обзнани таа своја стратегија. Тоа не го чувме ни тогаш, ни ден денеска не го слушнавме. Значи, ако тогаш поминеше законот не забележан од пратениците, ако немаше амандман денеска веќе овој закон можеби ќе беше оневозможен, ќе беше проблематичен од правен аспект, заради тоа што секој ќе дојдеше и ќе речеше видете, вие зборувате за приватизација за 51% од Електростопанство на Македонија и за тоа е гаранција државата, а при тоа, еден дел од сопственоста, еден дел од објектите не се во сопственост воопшто на државата. Не се дури ни во сопственост на акционерското друштво, туку се во сопственост или управување на општините. Значи, хаосот беше видлив тогаш. За жал, хаосот и денеска продолжува и заради тоа, оваа дискусија ни е хендикепирана.

**РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:** (продолжение)

По малку ги повторуваме истите работи и верувајте дека тоа воопшто не е пријатно ни за нас кои што ги повторуваме, меѓутоа никаков повратен одговор, никаков одговор не добиваме, никаков аргумент.

Еве го уште едниот доказ за хаотичноста на ситуацијата во која што се наоѓаме, уште во текот на вчерашната дискусија зборевме дека е нелогично да се зборува денеска за ваков закон со сериозни

обврски кој што ги презема државата, ако претходно не го дискутираме Законот за енергетика кој што ја дефинира политиката на државата во дадената област.

Законот за енергетика е поднесен можеби ќе стигне, а можеби нема да стигне, ако погледнете малку во купчињата материјали и амандмани кои што ви се поделени ќе заклучите дека само за Законот за енергетика се поднесени незнам 100-тина амандмани.Стотина амандмани кои што целосно ја менуваат или можат да ја сменат содржината на Законот. И сега, ние велиме, не не интересира законот кој што е матичен закон за дадената област, условно речено, меѓутоа,ние ќе одиме директно на преземање обврски па Законот за енергетика ако се усвои се усвои, ако не се усвои нема проблем. Нека му се секира следното парламентарно мнозинство и следната Влада. Нема никакво оправдание за ваков чекор. Единствено оправдание е дека се брза ова да се реализира. Меѓутоа, нема конзистентност во таа политика. Некој од колегите од опозицијата спомна дека, ја спомна изјавата често повторувана од премиерот на Владата на РМ, дека РМ е загрозен во моментот од некои од своите соседи и дека таа состојба на загрозеност ќе трае извесен период години. И таа изјава ја користеше колегата пратеш-за да каже дека можеби со ваквите продажби на стратешки објекти таа наша позиција дополнително се усложнува или ние се доведуваме во уште понеповолна состојба. Може да дискутираме и за тоа. Јас мислам дека изјавата на премиерот Георгиевски најблаго речено чудна од еден друг аспект. Имено, истиот премиер или би требало да е истиот, истата личност или би требала да е истата од една страна ги полни насловните страни во македон ските медиуми, меѓутоа водете сметка  и во странските медиуми. Не е Македонија веќе тема број 1, одвреме навреме ќе пренесат по некоја од катаклизмичните изјави на нашиот премиер и ќе излезе во странскиот и македонскиот печат голем наслов  Македононија се соочува со нестабилност во наредните 5 до 10 или незнам колку години според предвидувањата на премиерот. И истиот премиер после неколку дена или во некое друго издани на странски весник ќе објави тендер или ќе објави намери за интерес или повик за тендер до некоја странска компанија која што ја повикуваме да го купи нашето Електростопанство на Македонија. И ќе се обидуваме на тие инвеститори да им ја продадеме приказната дека тоа е одлична инвестиција И, ќе се обидеме да им продадеме дека тоа е стабилна инвестиција и ќе се обидеме од стратешките инвеститори да  земеме големи пари кои што ги заслужува овој сектор. Апсолутно е тоа невозможно. Или на инвеститорите ќе им кажете  знаете Македонија ќе биде во криза пет години и тогаш тие ќе дојдат со минимална понуда или ќе кажете Македонија ќе се стабилизира во наредните пет години, па тогаш може би ќе се надевате на релативна добра понуда.

Вака, ако се точни зборовите или предвидувањата или ако премиерот мисли дека неговите предвидувања се оправдани, тогаш тој треба да биде првиот кој денеска ке дојде на ова македонско собрание и ќе каже  Колеги пратеници сметавме дека е добро ова да се направи, меѓутоа бидејќи безбедносната ситуација е проблематична, сметаме дека во овој момент Електростопанство на Македонија не може да ја постигне вистинскат цена, дека за неколку години кога Македонија ќе се стабилизира тоа ќе многу полесно и ќе постигнеме подобра цена, заради тоа се повлекуваме и од процесот на приватизација и од процесот на влегување на обврски со ЕБРД. Едното со другото не може да функционира и не може да биде кажано од ист премиер на иста Влада. Да се поправам, може, бидјеќи тоа се случило,но тоа се сериозни проблеми и во рамките на Владата и кај премиерот.

Законот или членот на кој се однесува амандманот што го поднесовме заедно со колегата Макрадули предвидува дека ЕМС односно Владата на РМ, ќе влезе во должнички однос со ЕБРД. Е сега, бидјеќи ЕБРД сакаме со овој закон да ја претвориме во стратешка институција што ќе гарантира дека се работи за добра инвестиција, мислам дека треба да потрошиме дел од нашево скапоцено време и да прочитаме некои од материјалите или препораките што ги дава истата ЕБРД.

Ако погледнете еден од многуте од нив, во случајот е нивниот Извештај за транзиција, и тоа во областа на Електроенергетиката, па ако погледнете во делот на институционални реформи, под кои што би требало да се подведе реформата во Енергетскиот центар, односно овој дел од реформата, носење на закони, соодветна регулација, ќе прочитате многу работи меѓу кои јас би сакала да спомнам само некој:

Првата забелешка што ја дава ЕБРД со која што се договараме вели: Влезот на приватниот сектор, меѓутоа внимавајте, во добро регулиран и пазарен, во добро регулирана и пазарна средина, пазарно ориентирана средина, може да води

кон значително подобрување на ефикасноста на секторот, во значително подготвување на услугите, во значително подобрување на функционирањето на секторот. Меѓутоа, внимавајте, добро регулиран и ориентиран пазар.

Во нашиов случај немаме ниту регулиран, а камо ли добро регулиран и второ немаме пазар. Велиме дека се откажуваме од пазарот, пазарот ќе го уништиме со тоа што монополската ситуација само ќе му ја продадеме на некој приватен инвеститор. Без раз лика дали е приватна фирма или е некоја државна компанија, меѓутоа државна компанија на некоја друга држава.

Значи, тоа е клучната цел, според ЕБРД, меѓутоа во тој случај вклучен факјтор што ќе влијае на тоа дали реформата ќе биде успешна или не, ќе биде редоследот на чекори. За тоа зборувавме претходниот пат.

Чекорите што ЕБРД, дури за оние кои не сакаат да трошат многу време за да читаат, ја дава и со соодветен дијаграм е следен:

Прво, од монополска компанија, единствена компанија мора да се оди на корпорализација, комерцијализација на фирмата. Тоа во нашиот случај не е направено. Значи и првиот чекор сме го прескокнале.

Вториот чекор, вклучтен, најважен е воспоставување на регулаторен авторитет. Немаме. Ние го одложивме законот за енергетика. Таа агенција или таа комисија треба да постави таркфи за оние делови во индустријата што остануваат како понопол. Тука лежи клучот на загатката.

Ние немаме делови што ќе останат монопол. По се изгледа, според она што го слушаме и читаме, целиот сектор ќе остане монопол, само не во државна сопственост. Значи, кај нас се ќе биде монопол и притоа регулаторниот авторитет или регулаторната комисија ќе треба да ги дефинира тарифите на цени што се однесуваат на овие монополи. Значи, кај нас ќе го продадеме монополот и тој еден период ќе функционир без да имаме регулација на цените. Тој ќе биде сосема слободен, без постоење на регулаторната комисија да си дуплира цени што му одговара. Случајот на ОКТА е познат, случајот на Телекомот малку го дискутиравме во текот на денешниот ден. Мислам дека ова ќе биде најлош случај затоа што нема човек во Македонија кој не зависи од услугата што ја нуди ЕМС. Нема човек, семејство, домаќинство, економски субјект или индустрија кој на секој први во месецот, секој последен ден во месецот нема да се соочи со последиците на тоа дека ова Собрнаие дозволило монополот да стане приватен и тој приватен монопол да диктира цени што нему му одговараат и за кои што никому не одговара.

Оваа агенција, воедно, треба да ги постави стандардите за заштита на човековата средина, за здравствените импликации и за условите за безбедност. Ниту една од трите работи нема да биде поставена Или, ќе биде поставено со некои други закони, меѓутоа, не од страна на единствената регулаторна комисија.

Дури третиот чекор е влез на приватен капитал, влез за приватниот сектор. Но, тука, во овој случај, ЕБРД не предлага моментална приватизација на она што е изградено. Туку, евентуална приватизација на делови од фирмите, како што правеа најголем дел од другите држави: Полска Чешка, Словачка, и Бугарија, приватизација на еден дел од веќе постоечките објекти. И, најважно, давање на можност за влез на приватен капитал во изградба на нови објекти. Тоа ние го немаме. На пример, Бугарија дозволи влез на неколку крупни фирми 2001 година, меѓутоа тоа не беа фирми кои купија постоечки објекти, туку фирми кои веќе во 2001 година започнаа со изградба на сериозни капацитети за производство на електричнь енергија.

Четвртата фаза би била реформа на тарифите и Петата фаза би била либерализација на пазарот, за да дури потоа се оди или од прилика во истиот период на приватизација на дистрибуцијата, на приватизација на производстзото и може би генерално целосна либерализација на пазарот.

Меѓутоа, неколку пати, не случајно, неколку пати низ целиот текст провејува задачата или обврската на секоја влада дека основна, добра, цврста, добродефинирана регулаторна рамка мора да биде пред евентуална приватизација на сектор или на целото Електростопанство. Дури потоа е дозволено да се разнмислува дали ќе се приватизира целото Електростопанство, дали само дистрибуцијата, дали само производството итн.Значи, дури и лекциите што ги анализира ЕБРД од, на пример Казакстан и Молдова покажуваат колку различно з авршиле процесите за приватизација и реформи во Енергетскиот сектор само во две држави во кои што различен бил пристапот кон регулативата.

Имено, во Казакстан решиле да одат во приватизација и реформи без било каква или со слаба регулаторна рамка, завршиле со катастрофално лош процес. Додека во Молдова, каде што енергетскиот сектор и не е така добар како во Казакстан кој има компаративни предности, токму заради добро дефинираните услови на работење успеале да привлечат добар стратешки инвеститор кој што го завршил процесот на делумна приватизација сосема позитивно.

Еве го Законот, само еден од многуте, Законот за енергија и енергетска ефикасност на Бугарија. Бугарија донесе закон од 55 страници каде детално се дефинирани различни сектори, различни енергетски сектори и делови од електроенергетскиот сектор, вклучително и регулацијата, делот на дозволи, на лиценци, на тарифирање итн., итн. Во ниту еден дел од законот не се допира проблемот наречен приватизација. Само мора да го решите ова, а тоа е да го регулирате својот пазар, па дури потоа да размислувате што ќе правите со деловите од Секторот и како и дали ке треба да ги продавате и дали ќе треба да ги сочувате.

Недостигот на стратегија ни се удира во глава по секое прашање. Ако го отворите прашањето кој дел од електростопанство ќе се приватизира, ќе се потсетите можеби на изјавата на министерот за економија кој рече  Да, да, да, ќе се приватизира се, нормално дека преносот останува во раце на државата. "Нормално" е тежок збор. Не е нормално ни ова што се случува, па сепак се случува. Значи "нормално" кај нас не функционира.

Прашањето е дали сакаме да ја приватизираме Дистрибуцијата? Дали сакаме целата Дистрибуција одеднаш? Дали сакаме целото производство оддеднаш? итн., итн.?

Една од многуте студии што беа направени з а реформи на Електростопанство во Македонија, помогнато од страна на Агенцијата за меѓународен развој на САД, еден од проблемите што го воочи во преструктуирањето е следниот  недостиг на сеопфатен стратешки деловен план за ЕМС е многу сериозна пречка што го подрива неговата способност за успе но функционирање.

Прво, тоа е детектирано како проблем на неговото функционирање, а второ, дека токму поради недостиг на овој сеопфатен стратешки деловен план на реформите во Секторот дека заради тоа цената би се платила и во евентуална лоша понатамошна реформа и евентуална приватизација.

Според оваа тогашна Студија, во меѓувреме се направени и други, анализирани се три различни можности: Вертикално интегрирано електростопанско претпријатие; издвојување на Производство и Превоз со Дистрибуција, Холдинг компанија или субјект составен од повеќе делови итн. И, врз база на анализи од секоја од тие варијанти донесен е став дека една е подобра од другите. Меѓутоа, да се донесе политичка одлука за тоа која варијанта е подобра, Владата мора да ги постави приоритетите на своито функционирање. Па, врз база на тие приоритети, врз база на вакви или други анализи што треба да се развијат, да излезе со кохерентен план што ќе ни го образложи. Верувајте дека во тој случај ќе ја има поддршката на многу пратениц. Ако имате добар план за реформа во Секторот, што би траела во реален период на време, јас верувам дека за ова прашање има потреба и има можност да се најде консензус кај различните политички субјекти. З атоа што ова не е шала. Ова не е нешто за кое што за две години ќе кажеме - ајде сега го сменивме планот, нова Влада дојде, ново се. Тоа е најголемата грешка што може да се направи во реформите во Секторот. Дури и во приватизацијата. Ако треба и полоша стратегијај ама да се има стратегија. А вака, за една година, ако излезе Македони]а и каже дека го сменила планот, ја сменила стратегијата, сега не мисли за 18 месеци да се приватизира, освен тоа што ќе треба да плати 45 милиони Евра, неповолни 45 милиони евра, бидееќи ќе бидат во готово и ќе бидат исплатени за 90 дена, освен тоа ќе изгледа како несериозна држава и несериозен субјект во делот на енергетскиот амбиент.

Во образложението на законот или конкретно во образложението на обврската што ќе ја преземеме како држава, се спомнува, тоа и вчера го спомнав, дека средствата ќе се искористат за инвестициони активности на проектот за изградба на 4003 интерконективен далековод Дуброво -Радовиш. Знаете како, во ред е тоа, спомнавме дека е тоа инвестиција што ќе биде корисна според сите анализи, дека е дел од развојот на ЕС и енергетскиот сектор во Македонија, меѓутоа мора да дадете одговор на прашањето како тоа веќе се работи на овој дел од проект? Дали тој дел е финансиран од други средства, дали овие 45 милиони евра, ќе се

концен-трираат само на остатокот, бидјеќи ако минувате покрај Кирволак ќе види-те дел од столбовите, може би и далеку водите што се дел од далекуводот од Дуброво до Штип. За кои средства се однесува? Дали се преземените об-врски што досега веќе биле преземени од страна на ЕСМ и од страна на Вла-дата на РМ, или овие 45 милиони евра ќе бидат исклучиво за делот од Штип до Радовиш, што е премногу, заради тоа што 45 милиони евра, според прес-метките се премногу дури и за целиот далекувод. Прашање е каде оди остатокот?

Но, точно е, доколку е вклучена во цел дел ЕБРД во изградба на целиот далекувод, таа би барала учество и инсистирање на сериозна тенденрска процедура. Дали Владата и ЕСМ биле заинтересирани во делот од Дуброво до Штип да има вистинска тендерска процедура или може би се обиделе тоа да го заобиколат. Но, во предлогот на законот, па дури ни во членот 5, па дури ни претходно во членот 2, не стои ниту една обврска што ја презема Владата дека з а тоа ќе бидат трошени средствата. Значи, можеме да веруваме, а можеме и да не веруваме.

Главната работа што ја спомна пратеникот Илоски, на што мо-рам да се навратам е следна, денеска ќе преземеме обврска за 45 милиони евра, ои најверојатно Македонија нема да ги види се до октомври - ноември Многу, многу оптимистичка варијанта. Оти, првата транша, според образло-жението и според договорот е условена од усвојувањето на Законот за енер гетика и ангажирањето на Советник, што мислам дека веќе е завршено. Но, Законот за енергетика, освен ако не се случи чудо, да почне некоја не-најавена седница во 8,00 часот наутро, во 8,15 часот претседателот на Собранието да прогласи дека з авршила дискусијата, Владата да ги одбие за 15 минути сите амандмани и да заврши без притоа да биеат присутни пратнеиците од опозицијата, значи најверојатно ако не се случи вакво чудо, или многу тешко или нема да помине низ ова Собрание. Ние ќе ја преземеме обврската 45-те милиони од денешен ден или од утрешен ден да почне да чука тајнерот што ќе ги брои 18 месеци, а ќе почне да чука и уште еден тајнер, што ќе ја брои каматата, што ќе треба да ја платиме за тие 45 милиони евра. На крајот на краиштата три месеци тоа ќе биде празен и изгубен период. Да не зборувам дека и самата Влада, и самата Влада во образложението покажува дека 18 месеци е речиси невозможен термин.  Си ги дава обврските што треба да ги исполни од кои што дали еден или два се задоволни.

Од 7 чекори дури не сме почнале ниту со првиот. Законот за енергетика. Ако сте, ако сме з аинтересирани да земеме вакви обврски што ќе ги плаќаат граѓаните на оваа  држава, за што ќе имаме одговорност со гласот што сме го дале или не сме го дале, внимавајте, тогаш повелете, гласајте.

Меѓутоа, мислам дека пред се пратениците на парламентарнотс мнозинство, од парламентарното мнозинство треба да постават барем дел од прашањата што ги слушнавме во текот на денешниот и минатиот ден на претставниците во Владата јас би рекол во ресорните министри и премиерот кои преговарале за сето ова, да им ги постават и да им го бараат, пред тие да го дадат гласот, да слушнат барем еден, два, три аргументи, што ќе одат во полза на ваков предлог на Законот. Во меѓувреме се додека такво нешто не слушнеме, речиси да не е можна дискусија во македонскмото собрание, а камо ли прифаќање на ваков закон.

Благодарам.

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-гицата Шекеринска Радмила.

Има збор Тодоров Горѓи.

**ГОРГИ ТОДОРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа

пратеници, денеска, на дневен ред го имаме законот, Предлог на закон за гаранција на Република Македонија кон ЕБРД за средствата добиени по Договорот за термински условена. . .

**ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ:**

За амднамнот.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Сакам да кажам дека се наоѓаме во амандманска расправа.

Сакам да кажам дека имаме амандман со кој што се предлага укинување на член 2 од алинеја 2 и 3, на спомнатиот закон што сакам да го прочитам. З борувајќи за амандманот, не можам а да не кажам дека многу симптоматично и чудно се случува во овој парламент и многу се чуда на жолчните расправи помеѓу потписниците на раммковниот договор од македонскиот блок, кога се во прашање закони од сверата на финансиите. Тие жолчно се расправаат во борбата за власт, демонстрирајќи квази лажно душебрижништво кон македонскиот

народ а всушност станува збор за лични партиски интереси, веќе видено во досегашното владеење од 1992 година до денес.

**ГОРГИ ТОДОРОВ**: (Продолжение)

Сакам да кажам дека со овој амандман, со кој што се предлага укинување на став 2, каде во периодот во предвиденот рок од 18 месеци...

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ**:

Не е тој амандман, туку се работи за бришење на член 5.

**ГОРЃИ ТОДОРОВ:**

Значи, за вториот амандман, со кој што се предлага негово бришење, а со кој член се предвидува доколку во одредениот рок од 18 месеци, за приватиозација на Електростопанство на Македонија не се изврши приватизација на 51% во делот на Електростопанство, кој треба да се приватизира. Владата на Република Македонија ќе го отплати позајмениот износ зголемен со камата либро плус еден посто во рок од 90 дена од добивањето на барањето од ЕБРО, потоа договорот ќе биде раскинат.

Вториот став, ако до наведената приватизација не дојде поради околности кои не се под контрола на Владата наРепублика Македонија ЕБРО може да донесе одлука позајмениот износ зголемен за камата либор плус еден посто, Владата на РМ да го отплати на десет полугодишни рати. Сакам да кажам дека ќе гласам за овој амаднман, од причини затоа што се наметнуваат многу прашања на кои што не слушнавме одговор од страна на Владата зошто продажба на Електростопанство на Македонија, а не концесија и тоа до 49% на одреден временски период 20 или повеќе години, туку се продава 51% од управувачкиот пакет каде што Република Македонија го губи правото за управување на еден многу значаен дел од Електростопанството, од електроенергет-скиот систем на Република Македонија а тоа е електричната енергија во делот на нејзиното производство, дистрибуција, производство, пренос, производство, дистрибуција и електродистрибуција. Бидејќи, било која работа или бизнис во Република Македонија неможе да се замисли без употреба на електрична енергија. Доколку Владата на Република Македонија со ваквата продажба, која што не е добро проанализирана од сите можни аспекти, го губи управувачкиот пакет. Се очекува државниот монопол само да го промени сопственикот односно сопственоста од државен монопол, да премине во монопол во нечии други раце, на нечија друга фирма, која што граѓани не се државјани на Република Македонија и немаат никаков интерес и грижа да водат одредена правилна економска политика во делот на електроенергетскиот систем. Нормално, очекуваме да уследи енормно зголемување на електричната енергија и драстично намалување на потрошувачите на електрична енергија, кои не се во сос-тојба да ја платат потрошувачката на електрична енергија. Бидејќи такво нешто е веќе видено и денеска со финансиската односно економска-та состојба на нашите граѓани, која што е далеку под потребите за еден нормален живот и опстанок кога знаеме дека во Република Македо-нија од 800 и кусур илјади работно способно население над 50% е без работа, што значи нема основни средства за егзистенција, за преживува-ње, за прехрана и облека, а камо ли утре да може да ја плати електрич-ната енергија, која што како што реков, без неа неможе да се замисли денес животот на граѓаните, како во Република Македонија, така и надвор од нејзе. Продажба на Електростопанство со избрзан начин, не добрс проанализиран од аспект на можните последици, кои што Република Македо нија може да ги доживее, бидејќи едно такво искуство имаме со продажба на ОКТА, кој што беше државен монопол, видовме штп се случи дека тој монопол односно газдите на ОКТА се обидуваат и понатаму монополот во РМ да го задржат со намалување на квалтиетот на горивото и загадува-њето на човековата околина.

Такво нешто доживеавме и со Телеком. Така Телеком се продаде на брзина, се земаа одредени пари, ненаменски се искористија, каде дел од тие пари завршија во приватни џепови, дел во ненаменски искористувања, ни се нудат хали, ни се нудат изградба на спортски сали, а во еден амбиент на граѓани кои немаат да јадат леб, а ние им гради-ме спортски сали. За тие граѓани е потребно хали, пред се потребно е да се обезбеди работа, егзистенција. Со обезбедувањето на егзистенцијата, јас не велам дека не треба да се градат и спортски сали, но потоа, бидејќи нема граѓанин кој што може да спортува со празен сто-мак. Значи, за да спортвуваш вие треба да имате обезбедено основното, егзистенционалното прашање, а тоа е вработеноста и станбеното прашање. Во едни такви услови можат кога Република Македонија односно Владата на Република Македонија ќе им го овозможи тоа на граѓаните тогаш во едни такви услови, во

еден таков амбиент, ќе можат да се нудат и такви објекти. Како што реков сведоци сме со продажбата на Телеком рапидно скокна а некој од пратениците кажуваше дека 140%, велат дури и повеќе тарифата односно импулсите на телефоните се зголемија над 140%.

Истата судбина не очекува со продажбата на Телеком односно на Електростопанство во едни услови со кои што се зема кредит од 45 милиони евра од Европската банка за обнова и развој за подготовка на прквативизацијата на Електростопанство и тоа во рок од 18 месеци во време пред самиот крај од мандатот на владеењето на оваа Влада.

Се поставува или се наметнува прашањето дали господата од Владата се сигурни за својот легитимите и кредибилитет кај македонскиот народ кој не го признаваат со вашите прифаќања на договори, какс што е овој, каде што ни името на земјата не сакате да го спомнете. Така, меѓу другото се зборува, земјата претставувана од Владата на земјата. Наизменично претставувана од неговата екселенција, министерот за финансии, госпдинот Никола Груевски и неговата екселенција министерот за економија господинот Бесник Фетаи.Овде се наметнува прашањето, господа министри дали вие знаете на која земја сте министри и која земја ја претставувате. Дали не е срамно прифаќањето на еден ваков договор. Како можевте да се дрзнете да прифатите еден ваков договор со една ваква квалификација. Оваа земја има име. Ова е Република Македонија и треба да бидеме горди што го имаме тоа име и што сме граѓани на оваа земја, а не да се прифаќаат вакви договори. Незнам ова е несфатлива работа, ова делува да не речам, на нездрава работа. Земјата да се нарекува претставувана од Владата, регистриран имател на сопственик на акции на Електростопанство. Мислам дека не држи една ваква приватизација по секоја цена пред самиот крај на владеењето на овој мандат, да се прифаќаат вака одговорни обврски за оваа држава, за кои што граѓаните на Република Македонија, да не речам сите граѓани наРепублика Македонија се акционери на Електростопанство, како што беше и Телеком. Зошто акционери? Затоа што со наплаќањето на сметката при потрошувачката на електрична енергија сите граѓани на електрична енергија плаќаа одреден процент за развој и одржување на електроенергетскиот систем во Република Македонија. Значи, со тоа на некој начин стекнуваат право на сопственост, право на акции во Електростопанство на Македонија. Ние сега се дрзнуваме така на брзина да го продаваме овој, така да кажам столб на оваа држг ва. Столб беше и Телеком, организација од посебен општествен интерес, како што е и Електростопанство енергетски систем од посебен општест-вен економски интерес. Ние сега го даваме во рацете на некоја друга компанија која што егзистира надвор од Република Македонија и која што со нејзиното барање, тие корисници стекнуваат нормално, свои пое-ни во своите држави. Додека ние овде губиме. Неможе да се продава по секоја цена ваков енергетски систем.Пред се,мора да се направи стручна анализа што значи продажба на овој енергетски систем во услови кога македонското стопанство се наоѓа во распад, се наога во колабс.

Утре, со продажбата на овој енергетски систем, ќе настане зголемување на цената на електричната струја. Ќе дојдеме во ситуација, не сам граѓаните, туку и многу стопански фирми и објекти,кои не ќе бидат во состојба да ја платат електричната енергија, бидејќи ќе мора да ги затворат своите капацитети.

Едноставно се поставува прашање, дали ќе може оваа влада утре да функционира оваа држава. Кој ќе го полни буџетот на оваа држава. Ова е темелот, столбот на државотворноста на Република Македонија. Доколку Владата сака,а има и уставна обврска да не поддржув монополи и монополите да се стават во рамноправна продажба, во рамнопрвна positionжба во економската сфера на стопанството, тогаш требаше оваа влада или пак наредната влада, наместо да го менува сопственикот, газдата на монополот, туку требаше со донесувањето на Законот за енергетика, со кој што се дефинира енергетската политика во Република Македонија, требаше да се дозволи паралелна или да се даде концесија за воведување на паралелно електростопанство односно паралелно да се овозможи во одредени сегменти во делот на производството на електрична енергија, дистрибуцијата на електричната енергија и прено-сот ан електричната енергија. Тогаш, можеме да кажеме дека Владата работи да ги снема монополите на услови на пазарно стопанство. На овој начин само го менуваме сопственикот на монополот, досега беше државата, утре ќе биде некој друг кој што нема да го интересира опстанокот на Република Макердонија. Ќе го интересира економскиот профит.

Мене ме чуди зошто оваа Влада досега има намера да работи против енергетските

системи во Република Македонија, така ја продаде ОКТА, го продаде и Телеком и сега Електростопанство. Зошто оваа Влада не се заангажира да купи една ОКТА, надвор еден систем кој што преработува нафта. Зошто не се обиде да купи Телеком во друга држава, па и ние да можеме да профитираме како држава односно да можеме да го полниме овој буџет на Република Македонија и од тие средства да можеме тие средства да ги наменуваме во развојот на нашето стопанство.

Се поставува прашање како можеше Телеком, за кој што се велеше дека е златна кокошка, да се продаде и сега електростопанство. Ако Телеком и Електростопанство се недоходовни фирми, верувајте никој нема да ги купи. Што значи,штом имаме заинтересирани субјекти како за Телеком,што се продаде, така и за Електростопанство на Македонија, значи овие системи се и тоа како доходовни и затоа се интересни и затоа имаме заинтересирани страни за купување. Ако се тие доходовни, за нив се поставува прашањето, од продажбата што ние како држава можеме да добиеме. Ние само губиме еден добар дел на фирми кои што добар дел го полнат буџетот на Република Македонија.  Ние од данокот утре што ќе го земаме од работењето на Електростопанство, кое што ќе биде продадено на друг сопственик, многу помала добивка ќе имаме. Таа е неизмерна добивка во однос на она што сега го има државата. Тоа е капка во море.

Се поставува прашашето, на место да се прави чекор за развој на севкупното стопанство во Република Македонија ние му забодуваме нож на севкупното стопанство во Република Македонија, бидејќи електрич ната енергија е столбот за развојот на севкупното стопанство. Ние, утре не сме свесни за последиците од вакво пребрзо продавање. Со продажабата на Електростопанство придонесуваме многу фирми во Реублика Македонија да бидат затворени, а со тоа можноста на собирање на данок од фирми се намалува односно полначите на буџетот се намалуваат. Од тој аспект се поставува прашањето како ќе егзистира оваа држава понатаму. Со заеми и кредити? Па, тие заеми и кредити треба да се враќаат.

А за да се вратат, тие треба наменски да се искористат. Што значи дека тие кредити треба да се дадат во стопанството, во производната дејност, да се произведува и извезува. На тој начин ќе се има сред-ства со кои што ќе се отплаќаат тие кредити. Тие кредити ги земаме и по секоја цена за ненаменски, непроизводни дејности, каде што само се задолживаме а немаме можности и не создаваме услови за враќање на истите.

Да се приватизира стратешки фирми, т.е. дејности кои се од посебен општствен интерес за една држава, па и за Македонија, какс што е Електростопанство на Македонија, со приватизирањето на Телеком не извлековме никаква поука за значењето на овие стратешки државни фирми, кои се создаваат за државотворноста на една држава. Зошто продажба на стратешки дејности, како што е електроененергетскиот систем, т.е. Електростопанство на Република Македонија, од кој зависи државотворноста на Република Македонија.

Една домаќинска и национална влада, која се залага за опстанокот  и развојот на една држава, сигурно не би се однесувала со вакво  недемократско и недомаќинбско владеење, која не знае што прави и која има намера оваа држава, односно која нема намера оваа држава да опстои. Како ќе опстои ако вие го уништувате стопанството, кое што е столб на една држава.

Во овие тешки времиња поинаку ќе се однесуваше од продажбата на стратешките фирми и фирмите кои што се монопол во државата државниот монопол. Мислам дека требше многу побавно да се приватизираат со многу подлабоки анализи, водејќи ред за последиците од нивното брзо и нестручно, да не речам и лакомо приватизирање со продажбата на овие фирми не се мјисли за опстанокот на државата и на македонскиот народ, туку се гледа само за личниот профит, личното профитерство. А тали оваа држава понатаму ќе опостои или не не се размислува. Незнам зошто се нафатија да ја водат  оваа влада на оваа држа-ва  кога самиот народ се негира, самите граѓани се негираат, самото име на државата се негира и незнам што друго да кажам од тоа полошо не дај боже. Зборувам за амаднманот, токму за него зборувам, затоа што со овој амаднман се предлага укинување на предвремениот рок од 18 месеци за приватизација на 51% од делот на Електростопанство. Ве молам господа земете збор и кажете го својот збор, но без упагање.

Мое мислење е дека овие државни монополи не треба да се приватизираат на овој начин, со промена на сосптвеноста, бидејќи со монопол во приватни раце и тоа на граѓани или фирми, надвор од Република

Македонија е само штета на државата на Република Македонија.

Затоа, овој амандман треба да се поддржи само заради една единствена цел, како што кажав, да се стопира предвременото и брзото приватизирање на Електростопанство на Македонија. Како што реков, многу сум изненаден од жолчните расправи на политичките партии кои се потписници на Рамковниот договор од македонскиот блок, а кога е во прашање законот и сферата на финансиите, тие жолчни расправи како што реков се водат за власт, а не за интересите на македонскиот народ. А кога станува збор за имплементација на Рамковниот договор, кој во овој сегмент е на штета на македонските национални интереси, нема никаква дискусија од страна на потписниците на Рамковниот договор. Очигледно дека во интерес е само личниот профит, интересите на партијата, а на штета на државата Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ѓорѓи Тодоров.

Има збор заменикот министер за финансии, г. Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, Овие два дена пратениците имаа можност доста да дискутираат околу ова прашање. Ќе се обидам да дадам не одговори туку одредени појаснувања на одредени прашања и дилеми кои постоеја кај одделни пратеници.

Уште во вчерашната дискусија се напомна дека овој договор е веќе постигнат. Договорот не е склучен и не може да се склучи додека не се добие согласност од Собранието. Доста од пратениците зборуваа дека ова е заем, дека ова е кредит. Ова не е заем, туку ова е продажба на акции, а ќе стане заем ако не дојде до приватизација.

Вложувањето кај Европската банка ќе влијае позитивно на можноста за добивање повисока цена при продажба на Електростопанство на Македонија, но исто така ќе влијае и врз зголемувањето на вредноста на акциите кои ќе бидат издадени при приватизацијата на Електростопанство на Македонија. Зголемената вредност на акциите кои по продажбата ќе останат во сопственост на Владата на Република Македонија ќе обезбедат дополнителни бенефиции за Република Македонија.

Реномето на Европската банка може да послужи за зајакнување на заинтересираноста на потенцијалните стратешки домашни и странски инвеститори за инвестирање во Електростопанство на Македонија и полесни прифаќање на политичкиот ризик од страна на инвеститорот, што истовремено ќе придонесе за зголемување на кредибилитетот на приватизациониот процес на Електростопанство на Македонија. Европската банка ќе биде заинтересирана за купување на акции од делот на Електростопанство што ќе се приватизира само доколку вкупниот приватизиран дел во сопственост на стратешкиот инвеститор и на Европската банка заедно изнесува најмалку 51 % од делот на Електростопанство на Македонија што ќе се приватизира. ова не значи приватизација на цело Електростопанство на Македонија туку од оној дел што ќе се одлучи да се приватизира.

Понатаму, во Предлогот на законот за гаранција предвиден е рок од 18 месеци за приватизација, но тоа не значи на 18 месеци приватизација на целото Електростопанство на Македонија, туку на дел или на делови на Електростопанство на Македонија. Понатаму, зборуваме за 45 милиони евра, кои 45 милиони евра нема да бидат повлечени пред изборите, бидејќи има исполнување на одредени предуслови кои треба да бидат исполнети.

Понатаму, средствата од овој договор ќе се користат за инвестициони активности на проектот за изградба на 400 киловолтниот интерконективен далновод Дуброво - Радомир.

Беше поставено и прашањето дали овие средства се многу или малку. Да напомнам дека отпочната е активноста за поврзување со Бугарија, Дуброво-Радомир. Со овие средства, како што напомнав, веќе е отпочната активноста на поврзувањето со Бугарија и тоа од сопствени средства на Електростопанство на Македонија. Овие средства од 45 милиони евра се активираат за завршување на првата транша, а процесот ќе продолжи и понатаму и пред овој или пред идниот Парламент сигурно ќе дојде за ново разгледување на нов кредит, зашто висината на целата оваа активност ќе биде многу поголема од овие средства кои се денес на дневен ред.

Понатаму, беше поставено едно прашање од пратеникот Илија Илоски и

пратеничката Радмила Шекеринска. Имено, дали ако не се прифати Законот за енергетика, што ќе значи потпишувањето на овој договор. Доколку не се прифати односно Собранието не го прифати Законот за енергетика, овој договор нема да биде склучен односно потпишан.

(Дофрлување од страна на пратениците со зборовите "Зошто не оди заедно со Законот за енергетика", на што претседавачот потпретседателот Халими реагираше со зборовите "Ве молам, немојте да упаѓате").

Околу редоследот на седниците, јас не ги одредувам, но кажувам ако не се усвои Законот за енергетика, нема да се склучи овој договор.

Понатаму, пратеникот Карангелевски, кој не е тука, постави едно прашање односно напомна камата од 9 плус 1%, односно 10%. Таа камата која стои во договорот не е таа камата која ќе биде под овие услови, туку во самиот договор е даден пример како би изгледала пресметката. Вие во материјалите видовте дека каматна стапка е либорд плус 1 %, што значи не е 9% односно 10%. Само за информација, сегашниот либорд е 3,5%, што значи плус 1 %, тоа се 4,5%.

Понатаму, уште едно прашање кое што мислам дека заслужува внимание е околу откажувањето односно прашањето на вложувањето. Во самиот договор на страница 23 точка 7.2 стои "случајно откажување", секој од следниве случаи и услови го сочинува случајот на откажување: ако 18 месеци од датумот на овој договор ЕБРД определи дека било која точка на напредок не е исполнета или планот за преструктуирање не е завршен до тој датум или никаква приватизација не е завршена до тој датум. Мислам дека од ова може да се види каков е начинот на овие средства.

Исто така, колку што се сеќавам беше поставено едно прашање, ми се чини од госпоѓицата Шеќеринска, околу моделот на приватизација. Планот на Владата односно моделот предвидува реструктуирање на Електростопанство на Македонија со одвојување на производствените капацитети, одвојување на преносните системи и одвојување на дистрибутивните центри. А што ќе се приватизира, тоа ќе биде направено врз основа на анализите и искуствата на европските земји и затоа Европаската банка се вклужува во овој процес.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменикот министер за финансии господинот Петар Дуљанов.

(Повеќе пратеници бараат реплика).

Чекајте ве молам.

Сега ќе ја прекинам седницата.

Ќе работиме со почеток во 16,00 часот со Сто и дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, а за ова време ние што сме тука да можеме да ручаме, додека случбата да го подготви сценариото за новата седница.

(Прашање од пратениците "кога ќе можеме да реплицираме").

Кога ќе продолжиме, ќе можете да реплицирате.

(Седницата прекина во 15,25 часот).